СОДРЖИНА

**I ДЕЛ**

1. ГЕМИ....................................................................................................4
2. КАМЕИ..................................................................................................9

**II ДЕЛ**

1. ГЛИПТИКА..........................................................................................12
   1.1. РАБОТИЛНИЦИ...............................................................................17

**III ДЕЛ**

1. МИНЕРАЛИ..........................................................................................19
   1.1. СИЛИКАТИ......................................................................................20
      1.1.1. ГРАНАТ......................................................................................21
2. МАГМАТСКИ КАРПИ.........................................................................22
   2.1. МИНЕРАЛИ ОД МАГМАТСКИ КАРПИ.........................................23
      2.1.1. КВАРЦНА ГРУПА.....................................................................23
         2.1.2. КВАРЦ.....................................................................................23
            2.1.3. ОПАЛ.....................................................................................24
3. МАКРОКРИСТАЛНИ ВАРИЕТЕТИ НА БОЈА..................................25
   3.1. АМЕТИСТ.........................................................................................25
      3.2. ГОРСКИ КРИСТАЛ.......................................................................26
4. МИКРОКРИСТАЛНИ ВАРИЕТЕТИ...................................................27
   4.1. ЈАСПИС............................................................................................27
      4.2. КАЛЦЕДОН....................................................................................28
         4.3. КАРНЕОЛ.....................................................................................29
            4.4. ОНИКС........................................................................................30
5. МЕТАМОРФНИ КАРПИ.......................................................................31
   5.1. МИНЕРАЛИ ОД МЕТАМОРФНИ КАРПИ......................................32
      5.1.1. АХАТ...........................................................................................32
6. МИНЕРАЛИ КАКО ГЕМИ...................................................................33
   6.1. КОРУНД...........................................................................................33
      6.2. ТОПАЗ...........................................................................................34
         6.3. ТУРМАЛИН..................................................................................35
7. ВУЛКАНСКИ СТАКЛА........................................................................36
   7.1. ОПСИДИЈАН....................................................................................37

**IV ДЕЛ**

1. АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА....................................................38
2. ЛОКАЛИТЕТОТ СТОБИ....................................................39
2.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА....................................................40
3. НЕКРОПОЛИ....................................................41
3.1. ЈУГО-ЗАПАДНА НЕКРОПОЛА (ЗАПАДНИ ГРОБИШТА) ....................................................42
3.1.1. СИНАГОГА БАЗИЛИКА....................................................45
3.2. НЕКРОПОЛА БЛИЗУ СЕЛОТО ДЕЛОГОЖДИ, СТРУГА....................................................46
3.2.1. ГРАДИШТЕ - КАЛЕ....................................................48
3.2.2. СВ. ИЛИЈА....................................................49
4. ЛИКОВНИТЕ ПРЕТСТАВИ НА АНТИЧКИТЕ ГЕМИ И КАМЕИ (VI ВЕК П.Н.Е.-VI ВЕК Н.Е.)....................................................50

**V ДЕЛ**

КАТАЛОГ....................................................53

**VI ДЕЛ**

ТИПОЛОШКА ПОДЕЛБА НА АНТИЧКИТЕ ГЕМИ И КАМЕИ....................................................109

**VII ДЕЛ**

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРЕТСТАВЕНИТЕ МОТИВИ....................................................110
ЗАКЛУЧОК....................................................116
БИБЛИОГРАФИЈА....................................................118

# I ДЕЛ

## 1. ГЕМИ

Зборот гема потекнува од латинскиот назив „gemma“, што во превод значи минијатурен обработен камен со релјефни претстави на човечки фигури, портрети, алегориски теми, сцени од војна и животни.[1] Денес, геми се нарекуваат сите оние предмети што се добиени по пат на врежување. Приказот се врежува во каменот т.н. „intaglio“ - гема, со што се добива негатив, а тој штом ќе се втисне во мек материјал (на пр. восок, хартија), создава релјефен позитивен отисок. Гемите биле изработувани од тврди и обоени врсти на камен, а тоа се: аметист, ахат, горски кристал, јаспис, калцедон, карнеол, кварц, оникс, опал и опсидијан. Гемите, исто така се изработувале и од кристални минерали, којшто пак се цврсти, трајни и воедно со убав изглед, а се користат воглавно како личен украс. Убавината на гемите, зависи од својствата на самиот минерал, а пред се од неговата чистина, боја, сјај и проѕирност, а поретко зависи и од оптичките ефекти, какви што се на пример кај опалот, а тоа е играта на бои, што тој ги создава. Меѓу поважните минерали за изработката на гемите, се употребувале дијамант, кварц, нефрит и топаз, од коишто особено е користен аметистот (со виолетова боја), ахатот (со различни бои), сардониксот (од црвена до кафена боја) и карнеолот (од портокалова до црвена боја). Тие драги камења имаат и различен степен на проѕирност. При нивната обработка биле користени и полублагородни камења, што полесно можеле да се обработуваат, со цел да се добие саканата форма во него и имале помал коефициент на тврдост.[2]

Во III век н.е., во мода биле грилос „gryllos“ гемите со изгравирани комични, сатирични сцени и гностички или абракс геми, коишто припаѓаат на талисманите.

Најстарите познати геми се датирани околу 4.000 г.п.н.е., пред раѓањето на *Исус Христос* па сè до падот на Римското царство, а потекнуваат од Египет и јужна Месопотамија.[3]

Египетските геми од II милениум п.н.е. имаат леќест и бадемаст облик. Во периодот од XI до VIII век п.н.е., на гемите биле прикажувани геометриски мотиви, а главните производни центри се наоѓале на Пелопонез и Егејските острови. На гемите од VIII и VII век п.н.е., претежно биле претставувани животни или фантастични суштества. Најчест материјал од којшто се изработувале бил стеатитот. Во архајскиот период (VI и ½ од V век п.н.е.), освен на грчко копно, значајни центри на глиптиката се наоѓале и на Кипар, Мелос, Самос и Хиос, а исто така и во јонските градови во Мала Азија. Во класичниот период (V и IV век п.н.е.) биле популарни печатите во облик на крупен скарабеоид со мазна и овална позадина. Често се

---

[1] Д. Срејовић, А. Цермановић - Кузмановић, *Речник грчке и римске митологије*, Београд 1979, 80.
[2] Исто, 81.
[3] A. Krug, *Römische Gemmen im Rheinischen Landes museum Trier*, Trier 1995, 97.

јавувале во таканаречените псевдоскарабеи, на коишто наместо бубачка се прикажани лавови, сатири или сирени. Омилен материјал им бил сафирот како и полупрозрачниот син калцедон, а користени биле и традиционални материјали, како што се: горски кристал, јаспис и сердолик. Мајсторите често ги потпишувале своите дела, а најпознат бил јонскиот мајстор *Дексамен*.[4]

Гемите во римскиот период, но и долг период наназад, служеле како украсен предмет или амајлија, но и како печат. Како украсен предмет, гемите се употребувале самостојно или биле вметнати во копчиња, привrзоци-медалјони или се наоѓале во склоп на дијадема, ѓердан или обетка. Сепак поголем број на сочувани геми, се составен дел на старите прстени. Најчести претстави се ликови на римски божества, а тоа се: *Амор*, *Викторија*, *Јунона*, *Јупитер*, *Марс*, *Меркур*, *Минерва*, *Сол*, *Фортуна* и *Херакле*, но има и претстави од секојдневниот живот. Сепак има посебна група на геми, на коишто се изгравирани човечки фигури, глави на војници, императори, како и попрсја. На гемите можат да бидат претставени и животни, најчесто зајак, мравка, орел или пак вегетација и житарици. Понекогаш можат да имаат и натпис. [5]

Во грчкото и римско време гемите имале повеќекратна примена. Главна и базична примена на гемите била да послужат како печат. Бидејќи тогаш голем дел од луѓето не знаеле да пишуваат, отисокот на личниот печат бил единствен и сигурен знак на распознавање. Печатите се втиснувале и на писмата (како пломба), како што и до ден денес тоа се прави, за потоа никој недобронамерен да не го отвора. Служеле и како знак за сигурност од разни и непланирани кражби.[6]

Така *Есхил* во својата драма „Агамемном“, забележал како *Клитемнестра* му пратила порака на *Агамемном*, кој се враќал од Троја, во којашто го известила дека богатството му е недопрено и дека ниту еден печат не е тргнат. Печатите служеле и како доказ при изнесувањето на усмените пораки. Грчкиот законодавец *Солон* во VI век п.н.е. донел закон, со којшто било забрането граверите да изработуваат копии од веќе направените дела. За што посигурна идентификација на писмото, авторот во самото писмо давал јасен и детален опис на печатот, со којшто потоа си го запечатувал писмото.[7]

Гемите како украс во архајскиот и класичниот период на грчката уметност, воглавно се користеле за јавни и религиозни цели. Со нив бил украсен и *Зевсовиот трон* во неговиот храм во Олимпија. Со забрзаното темпо и развој на приватниот луксуз во хеленистичкиот и римскиот период, гемите започнале да се употребуваат и да имаат примена за разни јавни и

---

[4] A. M. G. Richter, *The Sculpture and Sculptors of the Greeks*, New Heaven 1950, 51.
[5] A. Krug, 96.
[6] A. Krug, 98.
[7] A. M. G. Richter, 52.

приватни цели. Во времето на Римското царство, се случила вистинска опседнатост за украсување со геми на разни предмети, особено на златни и сребрени садови, а богатите римјани имале посебно ангажирани луѓе, кои внимавале на нивното богатство. Тие, после завршувањето на гозбите биле задолжувани да ги пребројат сите геми. Во тоа време биле создадени и првите збирки.[8] Тоа било така, поради стравувањето од можни кражби, од страна на блиските луѓе, кои би биле љубоморни и заслепени од скапоцениот накит на нивните сограѓани.

Тематиката на претставите на гемите од овие колекции, ги опфаќа грчко-римските митолошки личности и божества. Во античкиот период, гемите првенствено имале утилитарна функција, односно биле користени како печати бидејќи втиснувањето во мека материја (восок) остава релјефен отисок во позитивот. Улогата на гемите како печати, била позната уште во Месопотамија. Како украс, тие доживуваат целосен процвет во хеленизмот и во римскиот период, кога не биле само составен дел на прстените и другиот накит, туку се вметнувале на разни садови, музички инструменти, мебел и сл. Римјаните ги чувале гемите во дактилотеки „olactylotheca", а познати колекционери на геми биле Помпеј, Скаурус и *Гај Јулие Цезар*, кој лично поседувал 6 јавни дактилотеки.[9]

Покуќнината, оружјето, музичките инструменти, дури и ѕидовите на куќите биле украсувани со геми. Но, најмногу се користеле за разубавување на прстените.[10]

Значајна улога одиграле гравираните геми (како предмети што имаат лековити, односно заштитни и магични својства). За тоа сведочат наодите на старите писатели, кои спомнуваат дека гемите можеле да те заштитат од зли очи, каснување од змија и шкорпија.[11]

*Плиниј Постариот*, пишувал како аметистот штити од пијанство, кога во него ќе се изгравирале претстави на сонце и месечина и ќе се обесел околу вратот, кога ќе се надополнел со влакна од некое животно (мајмун) или пердуви од птица (ластовица). Драгиот камен имал спасувачко дејство и од претходно внесените отрови во организмот, но и од побрз пристап до царот, избегнување на конфликти и сл. Слична ситуација била и со останатите драги камења (при лечењето од разни болести, но и во подобрувањето на меѓусебните човекови односи).

Во римскиот период, во рамките на бројните религии, настануваат и геми со магични натписи, особено со претстави на египетски божества.[12]

---

[8] D. Levi, *Glittica in L' Accademia etrusca*, Catalogo della Mostra, a curandi P. Barocchi e D. Gallo, Milano 1985, 86.
[9] Исто, 87.
[10] D. Levi, 88.
[11] Исто, 89.
[12] A. Furtwängler, *Die Antiken Gemmen*, I (Tafeln), 1900, 10.

Секако, сето тоа е поврзано и со суеверието, но тие податоци ни зборуваат за тоа каков став имале римјаните кон појавите што ги опкружувале, и коишто не можеле никако да си ги објаснат.[13]

За разлика од претставите на гемите, коишто потекнуваат од западноазиските култури со исклучиво ритуални сцени или знаци, темите на грчките и римските глиптичари се многу пошироки и разновидни. Прикажани се: божества, херои, животни, верски симболи, некој значаен настан, предок или пријател, самиот цар или некоја висока личност (како на пр. *Август*). Август најпрвин бил претставен како носи сфинга, потоа со портретот на Александар Велики, за на крај да го носи и својот сопствен лик, кој подоцна ќе стане службен царски печат. Август пред крајот на својот живот го предал својот заштитен печат на *Агрип*.[14]

Некои сцени на гемите се преземени од монети, но монетите се општо платежно средство на одделните држави. Гемите се печат на поединци, така споредувајќи ги тие го претставуваат индивидуалниот вкус, а со тоа и далеку поголемиот број на сцени од оние на монетите.[15]

Употребата на античките геми во подолг временски период, како и нивното вметнување во накитот во подоцнежните епохи, останува сè уште енигма, којашто и денес се обидуваме да ја толкуваме.[16]

Најголема античка гема (со димензии: должина: 31цм x ширина: 26,5 цм), веројатно е со претстава на *Августовите* и *Тибериевите* апотеози и е наречена *„Голема камеа на Франција“*,[17] (види сл. 1), а изработена е на почетокот на I век н.е. од сардоникс.

[13] A. Furtwängler, *Die Antiken Gemmen*, (Beschreibung und Erklärung der Tafeln), Leipzig-Berlin 1900, 25.
[14] A. M. G. Richter, 53.
[15] Исто, 54.
[16] A. Krug, 99.
[17] A. Furtwängler, *Die Antiken Gemmen*, III (Geschichte der Steinschneidekunst im Klassischen Altertum), Leipzig-Berlin 1900, 15.



Сл. 1. Инв. бр. 264 - Бабелон, *„Голема камеа на Франција"*, почеток на I век н.е., 31 цм x 26,5 цм, сардоникс, Национална библиотека Париз

## 2. КАМЕИ

Зборот камеа потекнува од латинскиот назив „cameo“, што во превод значи врежување во релјеф.[18] Таа честопати е наречена и „александриско стакло“, што е општо познат назив за садови, произведени во Александрија, во периодот на Раното царство, а потоа и во Кампанија. При нивната изработка, се отстранува позадината на приказот што сака да се изработи, со што се добива релјефен облик т.н. „cameo“ - камеа. Камеите биле изработувани на тој начин што делумно се изладувал садот од темно и непроѕирно стакло, а потоа бил натопен во бела стаклена маса. После ладењето надворешната страна е изработувана со техника на режење и длабење.[19]

Камеите, за разлика од гемите, се појавиле подоцна (крајот на IV и почетокот на III век п.н.е.). Прва нивна изработка, се смета дека настанала во Античка Грција, уште во III милениум п.н.е.[20] Нивната популарност била исто така голема и во Антички Рим, особено во фамилијарниот круг на *Gaius Octavius - Augustus*.[21] Тие најчесто биле изработувани од сардоникс и се одликувале со полихромност, за разлика од веќе постоечките традиционални еднобојни интални и ретки камеи од Египет. За да се добие комбинација на контрасни светли тонови или постепени премини, од црни преку различни нијанси на темна до сино-сиви и бели бои, биле користени различни слоевити бои на сардониксот.[22]

Најпозната ваза во камеа техника (види сл. 1) е *„Портланд вазата со средбата на Пелеј и Тетида“* од I век н.е., од Италија. Од камеите пронајдени на територијата на Србија, најпозната е белградската камеа (види сл. 2), со врежаната претстава на *„Триумфот на Константин Велики кај Кусадак“*.[23]

[18] Д. Срејовиќ, *Археолошки лексикон (праисторије Европе, Африке и Блиског истока, грчка, етрурска и римска цивилизација)*, Београд 1997, 98.
[19] Исто, 99.
[20] http://en.wikipedia.org/wiki/Cameo_(carving).
[21] http://en.wikipedia.org/wiki/Augustus.
[22] И. Поповић, *Римске камеје у Народном музеју у Београду*, Београд 1989, 90.
[23] Исто, 91.



Сл. 1. „*Портланд ваза со средбата на Пелеј и Тетида*“, I век н.е., 25 x 56 цм, римско камејно стакло како имитација на оникс, Британски музеј Лондон, соба 70



Сл. 2. „*Триумфот на Константин Велики кај Кусадак*", средина на IV век н.е., 15 x 19 x 2 цм, повеќеслоен и боен сардоникс, Народен музеј Белград, Антика, Збирка за касна антика и рановизантиски период на сите народи

## II ДЕЛ

## 1. ГЛИПТИКА

Зборот глиптика потекнува од латинскиот назив „glyptica", што во превод значи гравирање на драги и полудраги камења, со врежување во релјеф (види сл. 1) и датира уште од IV милениум п.н.е.[24] Различни видови на занаети, биле вклучени во процесот на нивната изработка. Тоа се најпрвин тие што го припремаат полудрагиот камен и му даваат основен овален облик „politores", потоа тие што ја изработуваат релјефната претстава „coelatores" и тие коишто се занимавале со врежување „cavatores". Иако се ситни и минијатурни овие предмети, сепак помагаат да се согледа и расветли иконографијата, митологијата и секојдневниот живот на луѓето во античкиот свет.[25]

Сите цивилизации во Мала Азија и воопшто на Источниот Медитеран, ја користеле таа уметност, преку која со сигурност можеме да ја следиме низ одделните епохи. Во средниот век оваа уметност умира, за нешто подоцна во Ренесансата повторно да се обнови и да заживее. Подоцна повторно изчезнува, но и повторно се појавува некаде во XVIII и XIX век н.е., во епохата на Класицизмот, кога античките геми така вешто и верно се копираат, што е тешко да ги откријат и самите стручњаци од таа проблематика и област.[26]

Според Плиниј Постариот (Nat. Hist. XXXVII, 13), сите камења можеле да бидат поврзани со дијамантот. Во зависност од техниката на обработувањето тие биле геми - гравирани камења со вдлабнатина и камеи - гравирани камења со испакнатина, исполнета со релјеф.[27]

Во глиптиката еден од основните елементи е материјалот, којшто на ликовната претстава и давал полн ефект и убавина. Во изработката на гемите, предност имал еднобојниот проѕирен полудраг камен (карнеол), додека за камеите повеќе биле барани повеќеслојните и разнобојни камења (ахат, оникс и сл.). Драгоцениот камен во посебни работилници се сечел, а потоа и се полирал.[28]

Основните карактеристики на полудрагите минерали, односно на полудрагиот камен се, пред сѐ неговите физички особини. Освен специфичната тежина, тоа биле тврдоста, бојата, проѕирноста, сјајот и сл. т.е. прекршувањето и растурањето на светлината.[29]

---

[24] E. Babelon, *La Gravure en Pierres Fines, camées et intailles*, Paris 1894, 95.
[25] А. Димитрова - Милчева, *Памятники глиптики как источник для изучения культуры и искусства римских провинции Фракии и Мезии первых веков н.э. Автореферат диссертации. Л.*, София 1975, 76.
[26] Исто, 77.
[27] Б. Поповиќ, И. Кузмановиќ - Поповиќ, *Античка глиптика у прстењу из колекције накита Музеја примењене уметности*, Зборник Музеј примењене уметности, Београд 02-2006, 007.
[28] Исто, 008.
[29] И. Поповић, *Ремек-дела римских златара-Збирка Народног музеја у Београду*, Београд 1997, 98.

За изработката на геми и камеи во антиката, се користеле полудраги камења со поголема тврдост, коишто можеле да се полираат и без да се деформираат, а со тоа да го издржат врежувањето со најфиниот врв. Тоа најчесто се: аметист, јаспис, калцедон, карнеол, кварц, опал, опсидијан и др.[30]

Потеклото на необработениот камен, тешко може да се утврди, зашто античките рудници во најголем дел не биле локализирани. Се спомнуваат големи географски места, како Африка (Египет како лежиште на карнеолот), Индија и други многубројни места, како што се: планините, долините на реките или околините на градовите (на пр. Халкедон во Мала Азија). Таквите наоѓалишта, денес тешко можат да се потврдат.[31]

Уметноста на режење на гемите во драг или полудраг камен се нарекува глиптика, која доаѓа од латинскиот збор „scalpere", што во превод значи режење. Наспроти техниката на обработка, се разликуваат инталии од латинскиот збор „intaglio", што во превод значи гравиран камен со вдлабени мотиви и „intagliare", што во превод значи врежување. Називот на гемите обработени на драги или полудраги камења, го опфаќа и едното и другото, макар што во новите размислувања, изразот геми, го опфаќа само делот на глиптиката, каде се врежувал драгиот камен.[32]

За обработката на тврди и благородни видови на камен, се користела техниката точка „point", позната уште во II милениум п.н.е., на Блискиот Исток. Оваа техника подразбирала употреба на механизам, со инструмент со силно ротирачко движење, што најдобро може да се спореди со денешните забарски инструменти.[33]

Мајсторот режел со дијамантско шило или со најразновидни дупчалки, поставени на врвот на метална рачка - стап на ротирачка направа, во облик на автомобил што се управувал.

Врвовите на дупчалките „точкички", биле со различен облик и тврдост од бронза или железо „ferrum retusum" и по потреба се менувале. На нив бил додаван прав, заедно со маслиново масло како абразивно средство. Античките грци користеле шмиргла, т.е. прав од наксиски камен „naxium", а римјаните - дијамантска прашина. Каменот бил фиксиран на стап со лепило или ставен во некоја маст. Уметникот, ротирачката направа ја управувал со рака, односно користел лак, што го придвижувал лево-десно и на тој начин ја започнувал ротацијата. За да се сокријат трагите на работата и да се истакне сјајот на драгиот и полудрагиот камен, гемата после гравирањето уште еднаш се полирала со прав, од наксиски камен или пак со убав прав од метални оксиди.[34]

---

[30] А. Димитрова - Милчева, 78.
[31] Исто, 79.
[32] E. Babelon, 96.
[33] Исто, 97.
[34] P. Zazoff, *Antike Gemmen* (Kataloge der Staatlichen Kunstsammlungen Kassel Nr. 2), Kassel 1969, 70.

Се смета дека граверите, веројатно користеле некој вид на стакло за зголемување - лупа. Може да се прифати и веројатноста дека граверите остварувале минијатурни претстави со сите детали, користејќи мек восок, во којшто повремено се правеле отисоци. На тој начин добрите и искусни мајстори, можеле да ја проверуваат јаснотијата на деталите. Едноставна, поефтина и брза била изработката на геми и камеи во стаклена паста „vitrei". Тие псевдогеми се работени со помош на калап од теракота, правени се така што на гемата е нанесувана ретка, течна стаклена маса. Кога еден калап „ќе се истрошел", после долга употреба, се употребувала стаклена паста, којашто била со послабовидливи контури и лоша техничка изработка.[35]

Римскиот писател Плиниј Постариот (Nat. Hist. XXXVII, 63), навел како граверите гледале низ смарагдите, кога ќе им се умореле очите. Работата на гравирање е тешка и макотрпна работа, што бара неверојатна смиреност и трпеливост, мирна и стабилна рака, но и сигурно и вешто око. Работењето со предметот, за што е потребна милиметарска точност, бара огромна упорност, па дури и најмала грешка, може да го уништи целиот претходно вложен труд и работа. Сјајот, бојата, светлото и проѕирноста на каменот, малите прикази што ја испреплетуваат убавината на самиот материјал, со убавината на изработка, приближно би можела да се долови, единствено со квалитетот на фотографија во боја, со висок степен на резолуција.[36]

Глиптиката има преживеано многу периоди на процут и човекови достигнувања, на коишто баш и не им подлегнала. Таа имала обостран религиозен контакт со народот. Нејзиното развивање е во нераскинлива врска со достигнувањата во дадената епоха. За време на V век п.н.е., имало најголем процут и подем кај грчките мајстори, во изработката на гемите и камеите, така што глиптиката заедно со пластиката ги достигнала своите најголеми успеси. Класичната чистота на формата и блескавата техника, била доведена до совршенство, а тоа воедно е и едно од најголемите успеси на древна Грција. После долгиот поход, битка и освојување на *Александар III Македонски* во Индија, Грција широко ги отворила вратите за скапоцените камења и новите достигнувања на Истокот. Богатата гама и палета на готово изведени примери, им дозволувала да изградат многу сложени композиции. Под лично раководство на Александар, глиптиката се дефинирала како раскош. Во неговиот двор работел искусниот и прочуен грчки мајстор *Пирготел*, кој имал единствено и неоспорено право да гравира портрети на неговиот владетел. Според едно предание, за кое дознаваме од Плиниј Постариот (Nat. Hist. VII, 125), Александар издал наредба, во којашто јасно и

[35] P. Zazoff, 71.
[36] Исто, 72.

прецизно нагласил дека никој во неговото царство нема право да гравира негови портрети, освен *Апелес* и *Пиргот*ел и да ги лие во бронза освен *Лизип*.[37]

За време на републиканската и империска епоха, глиптиката има создадено карактер на дворска уметност во императорскиот двор, со што се изразувал нејзиниот римски карактер. Како и хеленистичките владетели и во дворот на *Август*, за неговите наследници работеле познати резбари, за подоцна римската глиптика да ги бележи своите најголеми достигнувања. Поради тоа римската глиптика до и за време на владеењето на Август, се должела на искуството на грчките мајстори, кои умно и прецизно ги искористиле богатите техники на претходнозаминатите епохи. Едни од нив им се воодушевувале на условноста на грчката архаичност, додека пак други на прочуените статуи на *Мирон*, *Фидија*, *Поликлет* и *Пракситeл*, трети го изразувале своето почитување кон експресивноста и длабокиот психологизам во искуството на хеленизмот.[38]

Почетокот на глиптиката во Италија, се датира во VI век п.н.е. и се поврзува со доаѓањето на Етрурците. Тие под грчко влијание изработувале интали со скарабеи, најчесто со митолошки теми. Производите од италските мајстори од III и I век п.н.е., не се со ист квалитет и често се натуралистички. Во I век п.н.е., во Италија доаѓаат група на грчки мајстори, што го условил процутот на глиптиката (особено се изработувале портретни геми).[39]

37 E. Babelon, 97.
38 P. Zazoff, 73.
39 Исто, 74.



Сл. 1. Денешен метод и апаратура за обработка (гравирање) на предмети од накит

## 1.1. РАБОТИЛНИЦИ

Интересно е прашањето, што се поставува за работилниците, при изработката на гемите и камеите. Несомнено е дека постоеле во поголемите урбани и трговски центри. Најпознатата глиптичарска работилница била во Аквилеја, 50 км западно од Трст, во округот Удине, а како составен дел од италијанската покраина Урланија - Јулијанска краина, во Североисточна Италија[40] (види сл. 1), од каде што се извезувале примероци со исклучителен квалитет и тоа во најоддалечените делови на Царството. Градот се наоѓа во мочурливо подрачје на источната Падска низина, околу 10 км оддалеченост од северниот брег на Јадранското море. Низ градот тече реката Нотисоне.[41] Според мои лични претпоставки, можно е таа да била сместена во делот каде што се наоѓале малите трговски дуќани, во склоп на градот, во коишто се продавала облека, разни алати и орудија за земјоделство, за посиромашните, садови и прибор за домаќинство, вази и други украсни предмети за побогатите. Објектот би бил приземјен со една главна (централна) просторија, каде што се вршел процесот на обработка и две помошни, од кои во едната се складирал суровиот необработен материјал, претходно кршен на поголеми парчиња и транспортиран со запрежни коли, од богатите наоѓалишта на одредениот вид на камен, а во другата би била за готовите предмети, скриени од будното око на јавноста.[42] Занаетчиската група се состоела од еден главен мајстор-гравер (глиптичар), кој го работел осетливиот дел од обработката (длабењето, декорацијата и полирањето) и двајца до четворица помошници, кои грубо ги кршеле на ситни делови веќедонесените обоени и полудраги камења. Помошната група, исто така би требало да биде присутна за време на процесот на гравирање, во моментите кога требало да се менуваат гравирните игли на дупчалката, заради различното површинско длабење бидејки самиот мајстор не би можел сето тоа да го постигне.[43] Ваквите предмети со декоративен карактер, биле наменети за најбогатите слоеви и пасионирани колекционери, во рамките на градот и пошироко од него. Со зголемувањето на потрошувачката, можно е да се формирале и локални работилници, под влијание на занаетчиите кои постојано патувале. Со оглед на тоа дека биле откриени ширум Царството „Gemma Sena Chiesa“, се претпоставува дека мајсторите веројатно се служеле со истата книга на примероци, во којашто можеби била назначена и употребата на одреден камен. Големиот број на откриени геми и камеи, што потекнуваат од Виминациум, укажуваат на тоа дека во него како значаен трговски и урбан

[40] G. Sena Chiesa, *Gemme del Museo Nazionale di Aquileia*, 2 voll., Ass. Naz. per Aquileia, Padova 1966, 67.
[41] Исто, 68.
[42] G. Sena Chiesa, 69.
[43] Исто, 70.

центар во Мизија,[44] постоела голема глиптичка работилница, а можеби и неколку помали, што биле активни, како тие од Рацијарија „*Ratiaria*" и Новае „*Novae*" во Бугарија,[45] од II до првите децении на IV век н.е.




Сл. 1. Реконструкција на античкиот римски град Аквилеја, округ Удине, италијанска покраина Урланија (Јулијанска краина), Североисточна Италија

[44] А. Димитрова - Милчева, *Антични геми и камеи от Националния Археологически музей в* София, София 1969, 70.
[45] А. Димитрова - Милчева, *Геми амулети с гностически изображения*, София 1968, 69.

## III ДЕЛ

## 1. МИНЕРАЛИ

Минерал е збор со латинско потекло „mineralis", што во превод означува нешто што е поврзано со рудник, односно парче руда.[46] Уште во праисторијата, минералите му го привлекле вниманието на човекот. Праисторискиот човек, внимателно ги одбирал парчињата на кремен, што можел да ги употребува како нож, секира или врв на копје. Значењето на минералите, растело паралелно со развитокот на материјалната култура на човекот.[47]

Најстариот запис за минералите е расправата „*За камењата*", од грчкиот учен *Теофаст* (321-286 г.п.н.е.). Во ова свое дело тој наведува 16 различни видови на минерали, коишто ги дели на: камења, метали и земја. Особено внимание тој посветува на нивното практичко значење, па затоа неговото дело е окарактеризирано како „стопанска минералогија".[48]

Минералогијата е наука која ги проучува минералите. Таа започнува да се развива во времето на Ренесансата. По својот состав минералите претставуваат соединенија на два или повеќе елементи, а може да се јават и како поединечни елементи (бакар, злато, сулфур и сл.).

За да се определи составот на карпите, треба да се определат минералните видови од коишто се составени, како и нивните количински соодноси. За објаснување на процесите на создавањето на карпите, како и за класификацијата на самите карпи, неопходно е темелно и комплексно да се познаваат минералите, од коишто се изградени.[49]

Земјината кора е изградена од елементи со минерално потекло, коишто се продукт на природните хемиски реакции. Тие се главно од неорганско потекло, настанати по пат на геохемиски процеси, од материјалот што е врзан непосредно за Земјината кора. Со учество на биохемиските процеси, настануваат минерални тела со органско потекло - биолити (јаглен, органонен варовник итн.). На површината на Земјината кора, се среќаваат и такви тела што се со потекло од меѓупланетарниот простор. Тоа се метеоритите, односно минерални тела со вселенско потекло.[50]

[46] W. Schuman, *Rocks, minerals & gemstones*, England 1992, 12.
[47] Исто, 13.
[48] С. Урошевић, *Племенити минерали и драго камење*, Београд 1925, 26.
[49] Исто, 27.
[50] *И. Б. Серебродольский*, *Научно-технический прогресс и минералы*, Киев, 1990, 91.

## 1.1. СИЛИКАТИ

Силикатите ($SiO_4^{-4}$), (види сл. 1), се многу сложени хемиски соединенија.[51] Од нив растворливи во вода, се само солите на алкалните метали, слични на карбонатите, додека силикатите на другите метали не се растворливи во вода. Заедно со силициум диоксидот, силикатите се главни материјали, од коишто е изградена Земјината кора. Во неа, пред сè, се застапени силикатите на алуминиумот, магнезиумот и железото. Сите глини и повеќето карпи и почви, се составени токму од овие силикати. Меѓу големиот број силикати, најголемо значење има фелдспатот, којшто има важна суровина во производството на порцелан и огноотпорен материјал.[52]




Сл. 1. $SiO_4^{-4}$

[51] С. Урошевиќ, 27.
[52] Исто, 28.

## 1.1.1. ГРАНАТ

| ГРАНАТ (GARNET) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | несосиликат (ортосиликат) | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $X_3Y_2\ (SiO_4)_3$ | **Боја** | широк спектар на бои |
| **Тврдост** | 6.5-7.5 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 3.1-4.3 | **Сјај** | стаклено-медов |
| **Индекс на рефракција** | 1.72-1.94 | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | неопределен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | кубично-ромбична |
| **Наоѓалишта:** | Кенија, Мадагаскар (Бекил), Русија, САД, Танзанија и Турција | | |



Сл. 1. Гранат

## 2. МАГМАТСКИ КАРПИ

Магматските карпи (види сл. 1), настануваат со ладењето или стврднувањето на вулканската лава или магма во самата Земјина кора или на нејзината површина.[53] Кога ладењето е многу брзо, нема време да се создаваат кристали, но ако тоа се случува бавно, колку подолго ќе трае процесот, толку поголеми ќе бидат карпестите кристали. Овие карпи се одликуваат со голема цврстина и имаат голема примена во градежништвото. Тие немаат слоеви и не содржат фосилни остатоци.[54] Магматските карпи се класифицираат на најразлични начини. Ако се поделат според начинот на настанувањето, нив ги има како:

-*Плутонски*, коишто кристализираат внатре во кората и создаваат големи маси на правилни кристали;

-*Насложени*, што се стврднуваат преку пукнатините, низ коишто магмата си отвора пат и се создаваат мали и големи кристали и

-*Вулкански*, чијшто начин на стврднување е надвор по вулканските ерупции и создаваат само некои кристали.

Се класифицираат и според процентот на силициум што го содржат во себе, а тоа се:

-*Кисели*, се состојат од над 66% силициум (како гранитот на пр.);

-*Средни*, имаат меѓу 52 и 66% силициум (како андеститот) и

-*Базни*, се состојат од 45 до 52% силициум (на пример базалтот).




Сл. 1. Формирање на магматска карпа

[53] *И. Б. Серебродольский*, 91.
[54] Исто, 92.

2.1. МИНЕРАЛИ ОД МАГМАТСКИ КАРПИ
2.1.1. КВАРЦНА ГРУПА
2.1.2. КВАРЦ

| КВАРЦ (QUARTZ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | силикатен минерал | **Класификација (Dana)** | 75.01.03.01 |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | проѕирна-бела |
| **Тврдост** | 7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.65 | **Сјај** | стаклен |
| **Индекс на рефракција** $n_\omega$= 1.543-1.545; $n_\varepsilon$= 1.552-1.554 | | **Бирефрингентност** | +0.009 (B-G интервал) |
| **Расцеп** | нема | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална | **Кристална решетка** | тригонална |
| **Наоѓалишта:** Англија (Кумберланд), Бразил, Германија (Пфалз и Фихтелгебирг), САД (Арканзас и Херкимер) и Франција (Алпски планини) | | | |



Сл. 1. Кварц

## 2.1.3. ОПАЛ

| ОПАЛ (OPAL) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | минералоид | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2.nH_2O$ | **Боја** | бела, но најчесто во повеќе бои |
| **Тврдост** | $5^{1/2}-6^{1/2}$ | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 1.98-2.50 | **Сјај** | стаклено-мрсен |
| **Индекс на рефракција** | 1.450 (+.020,-.080) | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | нема | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и кршлива | **Кристална решетка** | тригонална |
| **Наоѓалишта:** | Насекаде низ светот, но најчесто во Австралија | | |



Сл. 1. Опал

3. МАКРОКРИСТАЛНИ ВАРИЕТЕТИ НА БОЈА

3.1. АМЕТИСТ

| АМЕТИСТ (AMETHYST) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | вариетет на минерал | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | виолетова и пурпурна |
| **Тврдост** | 7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.65 | **Сјај** | стаклено-белузлав |
| **Индекс на рефракција** $n_\omega$= 1.543-1.553; $n_\varepsilon$= 1.552-1.554 | | **Бирефрингентност** | +0.009 (B-G интервал) |
| **Расцеп** | нема | **Транспарентност** | нетранспарентнна |
| **Фрактура** | конкоидална | **Кристална решетка** | ромбоедарна |
| **Наоѓалишта:** | Бразил, на Истокот, Сиберија и Шри Ланка | | |



Сл. 1. Аметист

## 3.2. ГОРСКИ КРИСТАЛ

| ГОРСКИ КРИСТАЛ (ROCK CRYSTAL) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | силикатен минерал | **Класификација (Dana)** | 75.01.02.01 |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | проѕирно-бела |
| **Тврдост** | $6^{1/2}$ | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.35 | **Сјај** | стаклен |
| **Индекс на рефракција** | $n_\omega$= 1.542-1.544; $n_\varepsilon$= 1.550-1.552 | **Бирефрингентност** | +0.009 (B-G интервал) |
| **Расцеп** | нема | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | тригонална |
| **Наоѓалишта:** | | | Англија, Бразил, Германија, САД и Франција |



Сл. 1. Горски кристал

## 4. МИКРОКРИСТАЛНИ ВАРИЕТЕТИ
### 4.1. ЈАСПИС

| ЈАСПИС (JASPER) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | варијетет на силикатен минерал | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | зелена, кафена, црвена и жолта |
| **Тврдост** | 6-7 | **Ред** | нема |
| **Специфична тежина** | 2.5-2.9 | **Сјај** | нема |
| **Индекс на рефракција** | нема | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | неопределен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | нема |
| **Наоѓалишта:** Германија (Баден, Сахони и Св. Егидин), Индија, Русија (планината Урал) и Франција (Дауфин) | | | |



Сл. 1. Јаспис

## 4.2. КАЛЦЕДОН

| КАЛЦЕДОН (CHALCEDONY) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | оксиден минерал | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | бело-сива и модра |
| **Тврдост** | $6^{1/2}$-7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.58-2.64 | **Сјај** | густо-белузлав |
| **Индекс на рефракција** | нема | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | нема | **Транспарентност** | банерна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | тригонална |
| **Наоѓалишта:** | Бразил, Индија, Мадагаскар и Намбија | | |



Сл. 1. Калцедон

## 4.3. КАРНЕОЛ

| КАРНЕОЛ (CARNELIAN) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | вариетет на калцедон | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | кафено-црвена |
| **Тврдост** | 6-7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.59-2.61 | **Сјај** | стаклено-мрсен |
| **Индекс на рефракција** | нема | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | неопределен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамномерна | **Кристална решетка** | тригонална |
| **Наоѓалишта:** | | | Бразил, Германија, Индија и Сиберија |



Сл. 1. Карнеол

## 4.4. ОНИКС

| ОНИКС (ONYX) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | оксиден минерал | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** | $SiO_2$ | **Боја** | варијабилна |
| **Тврдост** | 6-7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 2.65-2.67 | **Сјај** | стаклено-сив |
| **Индекс на рефракција** | нема | **Бирефрингентност** | нема |
| **Расцеп** | неопределен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | тригонална и моноклинична |
| **Наоѓалишта:** | Бразил, Индија, Мадагаскар, Пакистан, САД (Хаваи), Уругвај и Шри Ланка | | |



Сл. 1. Оникс

## 5. МЕТАМОРФНИ КАРПИ

Метаморфните карпи „Meta-morphe", (изменување на формата, видоизменување), (види сл. 1) се голема група на карпи.[55] Тие се настанати со преобликување на магматските и седиментни карпи или веќе постоечките метаморфни карпи. Ваквите промени, се резултат на физичко-хемиските услови, што се разликуваат од оние коишто владееле во времето на настанувањето на матичната (магматска или седиментна) карпа. Најчесто метаморфизмот се врши поради промена на притисокот и температурата, при што преобразбата на матичната карпа може да биде структурна, минералошка и хемиска. Со процесот на прекристализација, се зголемувааат зрната, при што, на пример од варовниците настануваат мермери, од песочниците кварцити и сл.[56]

[55] W. Schuman, 13.
[56] Исто, 14.

Метаморфни карпи се: амфиболит, гнајс, кварцит, мермер, шкрилци и други.

Терминот „шкрилавост" или „фолијација", се користи во взаемниот паралелен распоред на листовидните минерали како биотит, мусковит, талк, хлорит итн.

Метаморфните карпи се делат на: *регионално-метаморфни*, *динамометаморфни* и *контактно-метаморфни.*




Сл. 1. Формирање на метаморфна карпа

## 5.1. МИНЕРАЛИ ОД МЕТАМОРФНИ КАРПИ

## 5.2. АХАТ

| **АХАТ (AXINITE)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | соросиликатен минерал | **Класификација (Nickel-Stunz)** | 09.BD.20 |
| **Хемиски состав (формула)** Ca (Fe, Mg, Mn) $Al_2B$ [OHIOI $(Si_2O_7)_2$] | | **Боја** | виолетова, зелена, кафена и сива |
| **Тврдост** | $6^{1/2}$-7 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 3.26-3.36 | **Сјај** | стаклено-шарен |
| **Индекс на рефракција** $n_\omega$= 1.672-1.693; $n_\varepsilon$= 1.677-1.701; $n_\gamma$ = 1.681-1.704 | | **Бирефрингентност** | δ= 0.011 |
| **Расцеп** | перфектен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Фрактура** | конкоидална и кршлива | **Кристална решетка** | нема |
| **Наоѓалишта:** Англија (Корнвал), Германија (Харз, Фихтелгебирг, Шварценберг и Ерзгебирг), САД (Франклин, Њу Џерси и Калифорнија) и Франција (Дауфин) | | | |



Сл. 1. Ахат

# 6. МИНЕРАЛИ КАКО ГЕМИ
## 6.1. КОРУНД

| **КОРУНД (CORUNDUM)** | |
|---|---|
| **Категорија** оксиден минерал (Хематит група) | **Класификација (Nickel-Stunz)** 04.CB.05 |
| **Хемиски состав (формула)** $Al_2O_3$ | **Боја** различна палета на бои |
| **Тврдост** 9 | **Ред** бел |
| **Специфична тежина** 3.97-4.05 | **Сјај** стаклено-смолест |
| **Индекс на рефракција** $n_\omega$= 1.767-1.772; $n_\varepsilon$= 1.759-1.763; | **Бирефрингентност** нема |
| **Расцеп** нема | **Транспарентност** нетранспарентна |
| **Фрактура** конкоидална и кршлива | **Кристална решетка** тригонална |
| **Наоѓалишта:** Грција, Турција и САД (Масачусетц) | |



Сл. 1. Корунд

## 6.2. ТОПАЗ

| ТОПАЗ (TOPAZ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Класификација** | силикатен минерал | **Категорија (Nickel-Stunz)** | 9.AF.35 |
| **Хемиски состав (формула)** | $Al_2(Fe_2SiO_4)$ | **Боја** | зелена, кафена, сина и жолта |
| **Тврдост** | 8 | **Ред** | бел |
| **Специфична тежина** | 3.53-3.56 | **Сјај** | стаклено-медов |
| **Индекс на рефракција** $n_\alpha$= 1.606-1.629; $n_\beta$= 1.609-1.631; $n_\gamma$ = 1.616-1.638 | | **Бирефрингентност** | δ= 0.010 |
| **Расцеп** | перфектен | **Транспарентност** | банерна |
| **Фрактура** | конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** | орторомбична |
| **Наоѓалишта:** Англија (Корнвал), Бразил, Бурма, Пакистан, САД (Колорадо), Сахони и Шри Ланка | | | |



Сл. 1. Топаз

## 6.3. ТУРМАЛИН

| **ТУРМАЛИН (TOURMALINE)** | |
|---|---|
| **Категорија** кружносиликат (прстенест) | **Класификација (Nickel-Stunz)** нема |
| **Хемиски состав (формула)** (Na, Li, Ca) ($Fe^{2}$, Mg, Mn, $Al)_3$ | **Боја** широка гама на бои |
| **Тврдост** $7\text{-}7^{1/2}$ | **Ред** бел |
| **Специфична тежина** 3.02-3.26 | **Сјај** стаклено-густ |
| **Индекс на рефракција** $n_{\omega}$= 1.635-1.675; $n_{\varepsilon}$= 1.610-1.650; | **Бирефрингентност** -0.018 до -0.040 |
| **Расцеп** нема | **Транспарентност** нетранспарентна |
| **Фрактура** конкоидална и нерамна | **Кристална решетка** нема |
| **Наоѓалишта:** Англија (Корнвал), Бразил, Мадагаскар, Маин, Мозамбик, САД (Пала-Калифорнија, Ханбург-Њу Џерси и Њу Јорк) и Шри Ланка | |



Сл. 1. Турмалин

## 7. ВУЛКАНСКИ СТАКЛА

Вулканското стакло, настанува при многу брзото ладење на лавата, во моментот на нагла промена - пад на температурата, при што лавично-магматскиот растоп не може да се кристализира, туку се стврднува во состојба на стакло.[57] Вулканските стакла можат да бидат многу различни и спрема хемискиот состав и спрема структурно-текстурните карактеристики, и што е многу важно спрема составот на вода.[58]

Спрема содржината на вода, вулканските карпи се делат на: *опсидијански, пехштајни* и *перлити.*[59]

[57] С. Урошевиħ, 28.
[58] Исто, 29.
[59] W. Schuman, 14.

-Пехштајн е вулканско стакло, со риолитски состав и смолест сјај. Во пехштајнот може да има и до 10% на вода. Боите се најразлични - од зелени, кафени, темно-сиви до црвени.
-Перлит (види сл. 1) е стакло, коешто според останатите компоненти, содржи и хидратациона вода, што е секундарна. Во групата на перлити, спаѓаат и пловци (природно набабрени вулкански стакла). Овие шупливи стени, што пливаат по водата (по што и го добиле ова име), настанале при ладењето на лавата, којашто во завршната фаза на консолидација, била обогатена со лесноиспарливи компоненти.[60]

Ако вулканските стакла содржат и исфрлат одредена количина на фенокристал, тогаш прават премин кон нормалните лави и се нарекуваат „*vitrofirim*". Спрема техничката класификација, за стакла се сметаат и стените со 5% фенокристал.[61]



Сл. 1. Перлит

## 7.1. ОПСИДИЈАН

| ОПСИДИЈАН (OBSIDIAN) | | | |
|---|---|---|---|
| **Категорија** | вулканско стакло | **Класификација (Nickel-Stunz)** | нема |
| **Хемиски состав (формула)** 70-75% $SiO_2$ + $MgO$, $Fe_3O_4$ | | **Боја** | мрачно-црна |
| **Тврдост** | 5-6 | **Ред** | нема |
| **Специфична тежина** | 2.4 | **Сјај** | стаклено-густ |
| **Расцеп** | неопределен | **Транспарентност** | нетранспарентна |
| **Индекс на рефракција** | нема | **Бирефрингентност** | нема |
| **Фрактура** | конкоидална | **Кристална решетка** | нема |
| **Наоѓалишта:** Азербејџан, Аргентина, Гватемала, Грција, Ѓорѓија, Ел Салвадор, Ерменија, Ирска, Италија, Јапонија, Канада, Кенија, Мексико, Нов Зеланд, Перу, САД, Турција, Чиле и Шкотска | | | |

[60] Исто, 15.
[61] *Н. Б. Серебродольский*, 93.



Сл. 1. Опсидијан

**IV ДЕЛ**

1. АРХЕОЛОШКИ НАОЃАЛИШТА

На територијата на Република Македонија се откриени, примарно евидентирани и детално (секундарно и терциерно) документирани наоди, на пронајдените артефакти, коишто со сигурност упатуваат на присуството на античкиот накит во земјава.

Особено е битно да се споменат големите спроведени археолошки ископувања, на територијата на Република Македонија и тоа на археолошките локалитети Стоби, каде што конкретно е посветено посебно внимание на Синагогата базилика, од летото 1970 година (месеци јуни/јули), западната некропола (сектор I: коловоз со банкини и клучка, поставен

меѓу градскиот бедем и Порта Хераклеја, простор од околу 3000 $м^2$), во текот на летото 1992 година (месеци јуни/јули/август/септември),[62] теренските ископувања од летото 1995 година (месеци јули/август), на истиот локалитет и Струга - теренски ископувања кај Некрополата близу селото Делогожди, во околината на Струга од летата 1979-1981 година.[63]

# 2. ЛОКАЛИТЕТОТ СТОБИ

## 2.1. ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Распослан врз малите тераси на левиот брег на Црна Река „Erigon", непосредно до нејзината утока во Вардар „Axios", Стоби (види сл. 1 и сл. 2), е еден од најстарите и најголеми истражувани градови во Македонија. Со остатоците од импресивните монументални објекти, од профана и сакрална архитектура, тој претставува единствено споменичко собиралиште, каде што истовремено можат да се сретнат научните, културните и образовните интереси, а и љубопитството на обичниот посетител.[64]

[62] В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, Municipium Stobenisum, Музеј на Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Народен музеј Титов Велес *(археолошки каталог)*, Западна некропола, Стоби 1995, Скопје 1997, 5.
[63] В. Битракова - Грозданова, *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје 1987, 66.
[64] Исто, 67.

Историското минато на Стоби, коешто ги проследува неговите политички, општествени, урбани, културни, популациони и други промени, со сите подеми и падови од 8 вековното постоење - мошне добро е познато. Наспроти скромните записи, од античките историчари и хроничари зад него, стои извонредно богата библиографија, создавана повеќе од 100 години, од домашни и странски истражувачи (еминентни имиња на археолошката наука).[65]

Сл. 1. Сателитска снимка на археолошкиот локалитет Стоби во РМ, јуни 2010 г.



[65] В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, 6.

Сл. 2. Стоби - панорама на градот



## 3. НЕКРОПОЛИ

Во античко време, како впрочем и денес, гробиштата секогаш се наоѓале надвор од населбите. Најценети биле гробните парцели, веднаш зад градските ѕидови, близу до градските порти и вдолж патиштата што излегувале од градот.

Во Стоби најголема и највеќе истражувана е југо-западната некропола, која започнувала зад големиот ров, пред челниот ѕид на градот и се протегала близу 1 км на југ. Гробовите, главно го следеле патот кон Пелагонија на југ, а помалку патот кон Скупи (Скопје). Некрополата се простирала на површина од најмалку 25-30 хектари. Најголем подем достигнала во доцниот III и IV век н.е., а потоа е сосема намалена. Постоењето на една мала некропола, констатирано е и на тесниот срт на Орлова Чука, над десниот брег на реката Црна и источно од градот.[66]

## 3.1. ЈУГО-ЗАПАДНА НЕКРОПОЛА (ЗАПАДНИ ГРОБИШТА)

[66] И. Микулчиќ, Стоби - антички град, Скопје 2003, 48.

Таа се наоѓала недалеку од Porta Heraclea, на издоено плато од околу 500 метри, чиј источен раб се протегал, речиси до левиот брег на Црна Река, а југозападниот ја означувал падината кон рамнината на каде што се современиот пат и железничката пруга.[67]

Првите сознанија за постоењето на некрополата, датираат од 1918 година, кога со копање на војнички ровови бил откриен објектот Гробишна базилика, од IV-V век н.е., и околу него неколку гробови.[68]

Во големата ј/з некропола, во неколку кампањи (1918, 1965, 1971-75, 1978, 1992 и 1995 година), биле откопани околу 2000 гроба. Најголем дел од нив, потекнуваат од доцноантичкото време.[69]

Во летните месеци на 1992 година, во комплексот на античкиот град Стоби, беше организирано и делумно реализирано археолошко заштитно ископување, кое според целите, обемот на работите и значењето на откриените резултати, е едно од најголемите истражувања, извршени во последните 22 години. Наспроти примарниот заштитен карактер, неговото значење е толку поголемо бидејќи излегува од редот на сите досегашни истражувања и научни интереси, насочувани кон откривање и валоризација на урбаната, градителската, и другата културно-историска содржина, главно изведувани во рамките на градското јадро. Со него е создадена можност, за првпат да се приберат податоци и за организација на животот надвор од градските бедеми. Уште повеќе, преку големиот број откриени гробови, од близу да се навлезе во сепулкралните и други духовни традиции, во социјалните и етнокултурни состојби, дури и во личните животни судбини на стобјаните. Воедно со сето тоа, и значително да се надополнат сознанијата за културната историја на градот.[70]

Особен повод за изведување на ископувањето, беа претстојните изградбени работи на магистралниот пат Е-75, делница Градско-Луда Мара, како и договорените програмски работи меѓу, тогашната Републичка самоуправна интересна заедница за патишта (РСИЗП) и Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата (РЗЗСК). Имено, поаѓајќи од спомeничкото значење на Стоби и интересот за неговото непосредно вклучување, во оваа меѓународна сообраќајница, договорено е трасата да се постави на Хераклеја и Гробјанската базилика, во т.н. простор Западна некропола и Субурбиум (види сл. 1 и сл. 2). Второ, пред почнувањето на градежните работи да се постапи според законските прописи, односно да се изврши ископување во габаритот на трасата, да се направи дислоцирање и обезбедување на нови просторни услови, за чување на вековпостоечките археолошки фондови, а заедно со тоа и

[67] Д. Коцо, Ц. Грозданов и В. Битракова - Грозданова, Археолошка карта на Република Македонија, Том II, МАНУ, Музеј на Македонија - Археолошки оддел, Скопје 1996, 74.
[68] Исто, 75.
[69] Исто, 48.
[70] В. Битракова - Грозданова, 68.

да се преземат најнеопходните конзерваторски интервенции, на движните наоди и архитектурата што потоа ќе се откријат.[71]

Разбирањето на овие две институции, за потребите од истражувачки работи, што впрочем ги наметнуваше самата културна стратиграфија на просторот, практично значеше и нивна реализација. Наоѓајќи ги своите заемни интереси, тие овозможија преку еден современ стручен приод, да се дојде до нови материјали и научни податоци, нови разнобојни тесери, значајни за пополнувањето на празнините, во историското мозаично платно на Стоби, создавано повеќе од 8 векови.[72]

Сл. 1. Поглед на работите во западната некропола и субурбиумот



[71] Исто, 69.
[72] В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, 7.

Сл. 2. Западна некропола, остатоци од темели на објекти, подигнати врз гробиштата, V-VI век н.е.



3.1.1. СИНАГОГА БАЗИЛИКА

Во Стоби во III век н.е., постоела еврејска заедница, за што сведочи и Синагогата (види сл. 1.), којашто кон крајот на IV век н.е., била урната и врз нејзините остатоци била подигната старохристијанската базилика.[73] Оваа синагога е од IV век н.е., подигната врз темели на постар објект од III век н.е., за кој се претпоставува дека бил изграден со пари од *Полихармос*. Синагогата во Стоби е една од најважните археолошки откритија за Евреите, во јужнословенските земји, во времето на антиката. Со подлабоки истражувања, под овој објект беа откриени градби од II век п.н.е., а под наносот беше најдена остава со пари од (211-125 г.п.н.е.). Хеленистичките слоеви, лежат над праисториското корито на Црна Река.[74]



Сл. 1. Синагога базилика

[73] В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, 8.
[74] Исто, 9.

## 3.2. НЕКРОПОЛА БЛИЗУ СЕЛОТО ДЕЛОГОЖДИ, СТРУГА

Со употребените геолошки наоди, на територијата на Република Македонија, пронајдена е група на накит, којашто е изработена од злато и сребро, со вметнати камења од сребро, бронза, стаклена бела и сина паста, флорални декоративни елементи, гравирани ликовни и флорални претстави во вид на ѓердани, прстени, обетки, фибули и гривни.[75]

Прстените, како украсни предмети, коишто ќе имаат исто така и практична намена, се познати уште од Бронзеното време на егејските култури. Посебно се приложувале во некрополите во Античка Македонија во посталександриското време.[76] Најчесто се изработувале од злато со вметнат обоен камен. На алката се аплицирало кружно поле со вдлабнатина, била означена со жица и украсена со техника на псевдогранулација, во којашто подоцна се вметнувал обоениот камен. Во бесценетиот камен биле гравирани најразновидни цветни детали (лотос, палма) или фигурални претстави на војници, херои, божества итн. Во некрополите од охридскио-струшкиот регион, се најдени неколку златни прстени, од споменатиот тип, со декорација на лотос или на фигура на војник со шлем на главата и ловоров лист во раката. Прстените биле изведувани и во сребро и бронза.[77]

Овие форми на прстени, се среќаваат во наодите на III и IV век н.е., на повеќе археолошки локалитети со претстава на фигури, божества и херои. Во хеленистичките некрополи, најдени се потполно исти форми, како на пример *Аполонија Црноморска*. Гравираниот камен бил одраз на најпрецизното занаетчиство - глиптиката, од крајот на III век н.е., кога бил инкорпориран во златниот накит, а понекогаш ѝ ја чувал сликата на уметничките дела од монументалната скулптура и сликарство од тоа време. Скапиот гранат, се носел од Исток од иранскиот простор, додека карнеолот често бил во употреба во III век н.е., од Сирија, со доаѓањето на Сарматите на црноморскиот северен брег, од каде што доаѓа и обоената стаклена маса, со што се дооформил полихромниот стил.[78]

Различните форми на ѓердани и ланци, омилени во античкиот свет, имале заеднички латински назив „*monile*". Во римскиот свет, најомилени биле ѓерданите, формирани како комбинација од ланци и перли, често носени заедно со ланците, на коишто виселе различни приврзоци или медаљони.[79]

Познатото изведување на портрети, со ликот на владетелите на накитот, коишто ќе го внесат Птоломеите на голема врата, во посталександриското време, на прстените од Египет ќе

[75] В. Битракова - Грозданова, В. Маленко, *Антички накит во Македонија VI в.п.н.е.-VI в.н.е.*, Скопје 2005, 5.
[76] Исто, 6.
[77] В. Битракова - Грозданова, В. Маленко, 7.
[78] В. Битракова - Грозданова, 79.
[79] Исто, 80.

се прошири и низ Сирија, Мала Азија и ќе ги премине подоцна и во римското златарство. На прстените ќе бидат претставени конзулите, императорите и императорките, во текот на целиот империјален период. Ликот бил изведуван во бесценет камен или пак бил втиснат во злато, како на пример во прстенот во ѕиданата гробница од Охрид од III век н.е.[80]

Од досега откриените примероци на антички геми и камеи од Република Македонија, два се откопани кај Градиште - Кале, а еден пак кај Св. Илија.

[80] В. Битракова - Грозданова, В. Маленко, 8.

## 3.2.1. ГРАДИШТЕ - КАЛЕ

Тоа е населба со утврдување од железното, хеленистичкото и римското време (види сл. 1). На 3 км североисточно од селото и на 1 км северно од некрополата кај Делогожди - Св. Илија, на висок рид во неколку нивоа се протега утврдување. Сондажни истражувања се вршени во 1980 година, од страна на Вера Битракова - Грозданова. Наодите се чуваат во Заводот за заштита на спомениците на културата - Народниот музеј во Охрид.[81]



Сл. 1. Градиште - Кале, с. Делогожди - Населба од железното до римското време

[81] Д. Коцо, Ц. Грозданов и В. Битракова - Грозданова, Археолошка карта на Република Македонија, Том II, МАНУ, Музеј на Македонија - Археолошки оддел, Скопје 1996, 390.

## 3.2.2. СВ. ИЛИЈА

Тоа е некропола од архајското, хеленистичкото, римското време и средниот век (види сл. 1). На околу 1 км од центарот на селото, на патот Делогожди-Џепин, на падините под делогожданското градиште е откриена некропола во 30-те години на XX век, кога биле извршени нестручни ископувања. Систематски ископувања со прекин се водат од 1979 до 1990 година, од страна на Народниот музеј во Струга, под раководство на Вера Битракова - Грозданова. Наодите се чуваат во Заводот за заштита на споменивите на културата - Народниот музеј во Охрид.[82]



Сл. 1. Св. Илија, с. Делогожди - Поглед на античката некропола

[82] Исто, 391.

# 4. ЛИКОВНИТЕ ПРЕТСТАВИ НА АНТИЧКИТЕ ГЕМИ И КАМЕИ (VI ВЕК П.Н.Е.-VI ВЕК Н.Е.)

Сметам дека е неопходно да посветам особено внимание, при обработката на античките геми и камеи од Република Македонија бидејќи според моите истражувања на оваа тематика, не им се придало подеднакво значење, како на останатите други предмети од античкиот накит, што бил откриен во одреден временски период (1979-1981, 1992 и 1995 година). Тоа е така затоа што овие предмети или само се индивидуално анализирани (се наѓаат издвоени во различни научни трудови; археолошки картони на одредени музејски установи), без нивно понатамошно класифицирање и групирање или пак се каталошки наведени (каталог за одреден археолошки локалитет), со мошне оскуден кус опис и нивни најбитни особини.

Така, за подобро да се разбере суштината и значењето, на гравираните површини на гемите и камеите, од територијата на Република Македонија, треба да се погледне во нивното ликовно претставување.

Тоа секако е нивното класифицирање, во групи и типови на антички предмети. Според иконографскиот опис, можеме да определиме кога еден предмет ќе влезе во група на други истовидни предмети, кои за себе се врзани по тоа што е претставено на нив, но како и да се обединети по слична, но идентична ликовна тематика. Со тоа тие ја диктираат функцијата, кон појавата за која станува збор.

Така на пример Група А (според моја лична систематизација, на предметите), е поделена на два типа. Првиот тип се однесува строго на митолошките божества, (без разлика на полот; дали станува збор за машко или женско), по кои и ја добила својата функција. Тука божеството се претставува со своите атрибути, преку кои го распознаваме од останатите различни ликовни претстави на предметите. Божицата Хеката - Кора, во своите раце држи два факела, притоа осветлувајќи си го патот. Каирос, во рацете ја држи вагата - симбол на рамнотежата и хармонијата во просторот, во нашиот случај да го долови моментот на задоволство, притоа задржувајќи го во стабилна положба. Атена со своите војнички атрибути (Коринтскиот шлем со перјаница, градниот оклоп и мечот - да го заштити својот град од неочекувани непријателски напади). Тука, неизоставена е и величествената иконографија на Аполон со своите атрибути (најчесто претставен со копје, а облечен во лелеава и раскочна драперија - да иницира борбена готовност). Во вториот тип, претставата на божеството е надополнета со присуство на зооморфно суштество - Херакле прикажан во борбен акт со неидентификувано животно (да се согледа силата помеѓу едно божество и едно диво, нескротено и агресивно животно). Исто така и уште едно неидентификувано божество, кое се бори со лав.

Групата Б, поделена е на четири типа, од кои првиот е повторно поделен со уште еден подтип.
Првиот тип, ги обработува предметите на кои се прикажани машки или женски глави на луѓе. Тоа може да биде стилизирана човечка глава, или пак глава на некое божество, со три спротивставени мислења; дека се работи за Изида, Артемида или Дионис Таурус (акцент да се стави на структурата на главата). Подтипот на првиот тип, е со единствена разлика, што тука се обработува само ликот (тука пак, акцентот е предодреден на фацијалните карактеристики). Станува збор за женски лик, без преакцентирани фацијални контури. Вториот тип се бистите на луѓе (да се прикаже градбата или облеката на таа фигура). Биста на жена со благо нагласени карактеристики. Биста на машко со впечатливи горни екстремитети, акцентот е насочен повеќе на главата, а во рацете држи гулаб. Третиот тип се фигурите во цел раст (да се има еден комплетен преглед на целото тело со екстремитетите, во висина). Обична човечка фигура, која може/не мора да биде строго дефинирана во мускулатурата. На себе носи некои војнички атрибути (шлем) и да е облечена во раскошна облека. Подтипот на третиот тип се однесува на претставите со посвета. Фигура која е облечена во раскошна облека со петтолисно гранче во едната рака и со посветен натпис. Четвртиот тип се изгравираните претстави на фигури на обоените камења, кои се нејасни и недефинирани, поради разни природни или физички оштетувања на површината.

Групата В, е поделена на два типа. Првиот тип, ги обработува претставите на копнените животни. Тие можат и не мора да бидат стилизирани. Особено е впечатлив моментот на скокот на срната (да се толкува како бегање од нешто или само инстиктивен животински нагон). Тука не е изоставен и лавот со нагласок на гривата (бојата и квалитетот на влакното што расте од неговата кожа). Вториот тип се водните животни (можеби да се потенцираат како неопходен дел во човековата исхрана или пак можеби како некој скриен магиски култ, за некоја необјаснива природна појава), од кои евидентирана на нашата територија, е само рибата, со сиромашна иконографска претстава (воочлива е само по грубите контури, кои ја исцртуваат).

Последната група Г, е поделена на два типа, од кои првиот на уште еден подтип, ист случај како при класификацијата во група Б. Првиот тип ги прикажува обоените и полудраги камења со груба обработка, само колку да се вметнат во лежиштето на главата на прстенот, а притоа не се придало значење, на понатамошно декорирање на нивните површини. Во подтипот од првиот тип, важност и се придала на алката (значење му се придало на металот што се обработувал). Во еден таков пример е пренагласена бистата на маж, која во своите црти на лицето и очите, повеќе потсетува на инкорпорирана ритуална маска врз самото лице. Или пак тоа да бидат некакви брадавичести апликации на алките од пар на обетки. Вториот тип, повторно ги има превземено како група, сите оние предмети кои не даваат никакви

индиции на некаква претстава на нив (или пак се можни некакви мали сигнали, кои би упатувале на некаква фигура на нешто - коњи во галоп и сл).

Во прилог следи каталог со детален преглед на секој предмет поединечно.

## V ДЕЛ

## КАТАЛОГ

## ГРУПА А (ТИП 1 и ТИП 2)

| АРХЕОЛОШКИ КАРТОН | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив и место на музејската установа**<br>Завод за заштита на споменициите на културата - Народен музеј Охрид | | **Оддел за музејско - истражувачка дејност**<br>Археолошки/Рана антика | | |
| **Инвентарен број**<br>Т1ФІГА | **Предмет**<br>Прстен со вметок (гема) | **Примероци**<br>1 (еден) | **Збирка/тип**<br>Раноантички накит/прстени | **Место**<br>Некропола Делогожди (Градиште - Кале) |
| **Локалитет**<br>Струга - РМ | **Парцела**<br>Квадрат 3А-5, Гроб 103 | **Датум на откривање**<br>Лето 1981 г. | **Култура**<br>Хеленска | **Период (датација)**<br>крај на III век п.н.е. |
| **Материјал и техника**<br>Бронза, лиење, полудраг обоен камен, врежување | | | | |
| **Димензии**<br>**Ширина:** 1,4 мм | | | | |
| **Должина:** 1,6 мм | | | | |
| **Висина:** 1,3 мм | | | | |
| **Дебелина:** 1,2 мм | | | | |
| **Пречник:** 1,2 мм | | | | |
| **Тежина:** 2,3 г | | | | |
| **Околност при наод**<br>Теренски ископувања | | **Број на влезна книга**<br>Дневник бр. 127, тр. 37 | | |
| **Историјат**<br>Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | | **Начин на прибавување**<br>Разни наоди | | |
| **Состојба**<br>Сочуван без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | | **Конзервација - реставрација (број на досие)**<br>1027Г-12/81 | | |
| **Литература**<br>В. Битракова - Грозданова, 80. | | | | |
| **Изложен - депониран**<br>Завод за заштита на споменициите на културата - Народен музеј Охрид/Археолошко одделение | **Обработил**<br>Мартин Величковски | **Забелешка**<br>Импорт од Кипар (Грција) | | |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1027ФГ-12/81

Тип 1, фигура I. (група А)

**Опис**

Прстенот е изработен од бронза, во техника на лиење.

Изработен е со овална плочеста глава, којашто врз површината има втиснато претстава на божицата *Хеката - Кора* (Кора - внуката на Хад, подоцна преименувана во *Персефона*, која станува нејзина заштитничка во подземниот свет), во полупрофил, од митолошки карактер. Облечена е во таларен хитон, речиси високо потпашана. Во рацете држи два долги факела. Главата и е во профил со коса, што е потчешлана во мелон фризура. Ликот е обликуван со едноставни црти за полесна идентификација. Оваа божица имала различни значења, а е слична со *Артемида*, *Селена* и *Деметра*, а најчесто носела факли, осветлувајќи си го патот. Прстенот е најден во ископот на некрополата. Изгледа дека во овој наод треба да се согледа можно хтонско значење често истакнувано и врзано за култот на божицата Хеката - Кора.

Хеката - Кора била мистериозна божица на подземниот свет, со три глави и три тела; владетелка на чудовишни суштества и волшебничка. Хеката - Кора отелотворува тројна личност: на Небото била божица на месецот, на Земјата, божица на породувањето и младината, а во подземјето владетелка на подземните сили. Заштитничка била на магиите и тајните учења. Ја следат фантоми, ноќни привидувања и бесни кучиња.

Хеката - Кора била ќерка единица на титанот *Перза* и неговата жена *Астерија*, а врховниот бог Ѕевс и подарил гоелам моќ; или е дете на Ѕевс и Астерија, *Никта* која сама ја родила или пак Деметра.

Децата на Хеката - Кора, во другите митови се наведени со други родители: *Скила*, *Кирка*, *Медеја*. Медеја и подарила дел од својата црна магија.

Хеката - Кора, била на страната на Ѕевс во борбата против *Титаните*. Се борела дури и во борбата со бесните *Гиганти*; во една ситуација убила еден силен Гигант со факел. [83]

Во грчкото вазно сликарство, Хеката - Кора, обично е претставена како држи два запалени факела во своите раце. Понекогаш таа била облечена во кусо здолниште и на нозете носела ловечки чизми, налик на Артемида.

Во вајарството пак, таа е прикажана како триделна божица на крстопатот.[84]

[83] http://www.theoi.com//Khthonios/Hekate.html.
[84] Исто.

<table>
<tr><th colspan="5">АРХЕОЛОШКИ КАРТОН</th></tr>
<tr><td colspan="2">Назив и место на музејската установа<br>Национална установа НУ Стоби</td><td colspan="3">Оддел за музејско - истражувачка дејност<br>Археолошки/Рана антика</td></tr>
<tr><td>Инвентарен број<br>Т1ФIIГА</td><td>Предмет<br>Гема (камен)</td><td>Примероци<br>1 (еден)</td><td>Збирка/тип<br>Раноантички накит/геми</td><td>Место<br>Западна некропола</td></tr>
<tr><td>Локалитет<br>Стоби - РМ</td><td>Парцела<br>Квадрат 5С-1</td><td>Датум на откривање<br>(Јуни 1992 г.)</td><td>Култура<br>Хеленска</td><td>Период (датација)<br>I век н.е.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Материјал и техника<br>Јаспис, врежување</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Димензии<br>Ширина: 2,0 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Должина: 2,10 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Висина: 3,15 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Дебелина: 1,1 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Пречник: 1,8 цм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Тежина: 1,5 г</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Околност при наод<br>Теренски ископувања</td><td colspan="3">Број на влезна книга<br>Дневник бр. 101, тр. 11</td></tr>
<tr><td colspan="2">Историјат<br>Митолошки антропоморфни претстави</td><td colspan="3">Начин на прибавување<br>Разни наоди</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба<br>Целосно сочувана без видливи површни надворешни (физички) оштетувања</td><td colspan="3">Конзервација - реставрација (број на досие)<br>1001Г-50/92</td></tr>
<tr><td colspan="5">Литература<br>В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, Municipium Stobenisum, Музеј на Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Народен музеј Титов Велес (археолошки каталог), Западна некропола, Стоби 1992, Скопје 1994, 36.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Изложен - депониран<br>Депо на национална установа НУ Стоби</td><td>Обработил<br>Мартин Величковски</td><td colspan="2">Забелешка<br>Импорт од Мелос (Грција)</td></tr>
</table>

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1001ФГ-50/92

Тип 1, фигура II, (група А)

**Опис**

Предметот е изработен од црвен полудраг обоен камен (јаспис), со техника на врежување.  Има овална (кружна) форма со врежана претстава на митолошка фигура. Претставата држи некаков предмет во рацете. Најверојатно се работи за претстава на старогрчкиот бог *Каирос.*

Каирос бил бог на среќниот момент во идеална рамнотежа. Тој бил најмладиот Ѕевсов син. Се прикажувал како млад човек, кој стоел на топка со бритва или меч (симбол на непоколебливоста) во рацете, со пар на крилја одзади, а подоцна и како млад човек со бујна коса и вага во рацете. Каирос требало да го долови моментот на задоволство во стабилна положба.[85]

Според еден опис на Калистрат - грчки реторичар, во старогрчката античка скулптура, Лизиповиот Каирос бил претставен како млада фигура од нозете до главата, во цутот на својата младост, лик со вцрвенети образи и со карактеристични чело (налик на Дионис), коса

[85] http://www.theoi.com/Daimon/Kairos.html

и брада. Моментот бил доловен во пластичниот приказ на косата, што ја дувал ветерот. Ист бил случајот и со неговата брада, што требало да долови една нежност и мекост.[86]

[86] Исто.

| АРХЕОЛОШКИ КАРТОН | |
|---|---|
| **Назив и место на музејската установа**<br>Музеј на Македонија - Скопје | **Оддел за музејско - истражувачка дејност**<br>Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број**<br>Т1ФШГА | **Предмет**<br>Прстен со вметок (гема) | **Примероци**<br>1 (еден) | **Збирка/тип**<br>Раноантички накит/прстени | **Место**<br>Западна некропола |
|---|---|---|---|---|
| **Локалитет**<br>Стоби - РМ | **Парцела**<br>Квадрат 6В-4, Гроб 637 | **Датум на откривање**<br>(Јуни 1992 г.) | **Култура**<br>Хеленска | **Период (датација)**<br>IV век н.е. |

| **Материјал и техника**<br>Бронза, исчукување, стаклена паста, врежување | |
|---|---|
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,4 мм |
| **Должина:** | 2,1 мм |
| **Висина:** | 3 мм |
| **Дебелина:** | 1,6 мм |
| **Пречник:** | 1,2 мм |
| **Тежина:** | 2,2 г |

| **Околност при наод**<br>Теренски ископувања | **Број на влезна книга**<br>Дневник бр. 102 тр. 12 |
|---|---|
| **Историјат**<br>Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | **Начин на прибавување**<br>Разни наоди |
| **Состојба**<br>Целосно сочувана без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | **Конзервација - реставрација (број на досие)**<br>1002Г98/92 |

| **Литература**<br>Исто, 36. | | |
|---|---|---|
| **Изложен - депониран**<br>Музеј на Македонија - Скопје | **Обработил**<br>Мартин Величковски | **Забелешка**<br>Импорт од Самос (Грција) |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1003ФГ-112/92

Тип 1, фигура III, (група А)

**Опис**

Предметот е изработен од зелен полудраг обоен камен (турмалин), со техника на врежување. Има елипсовидна форма, со врежана претстава на старогрчката богинка *Атена,* од митолошки карактер, која е свртена на левата страна. Облечена е во хитон, со оклоп на градите, а на главата носи Коринтски шлем со перјаница-криста.

Ликот е моделиран со јасни и задебелени врежувања и тоа од очните празнини, носот и устата.

Хомеровата химна бр. 28, ја раскажува приказната за раѓањето на божицата Атена, како излегува од татковата глава:

Додека *Хесиод* во Теогонијата (886-898 г.п.н.е.), додава дека Ѕевс ја проголтал *Метида* („Мудроста") бидејќи откако забременила, се плашел од пророштвото дека ќе роди син, кој ќе го симне од престолот. Според некои митови *Хефест* ја отворил главата на Ѕевс за од неа да излезе Атена.

Овие митови, на некој начин ги алегоризираат трите основни карактеристики на божицата Атена: нејзината вештина, мудрост и мажественоста на нејзината девствена природа, поради која произлегла не од жена туку од маж.[87]

Атена била божица на многу специфични вештини (воени, домашни и политички), уметности и занаети, како и на мудроста и добриот совет. Таа била вешта во скротувањето на коњите, заинтересирана била за корабите и борните коли, но се споменувала и како пронаоѓач на авлосите. Во Атина, божицата била почитувана заедно со Хефест, како заштитничка на сите уметности, вештини и занаети. Честопати е претставувана како божица на војната: копје, шлем (ајгида), штит, но и придружувана од крилести божества како што е Нике.[88]

[87] http://www.theoi.com/Olympios/Athena.html.
[88] O. P. M. Morford, J. R. Lenardon, *Classical Mythology*, New York 2003, 40.

| АРХЕОЛОШКИ КАРТОН | |
|---|---|
| **Назив и место на музејската установа**<br>Национална установа НУ Стоби | **Оддел за музејско - истражувачка дејност**<br>Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број** | **Предмет** | **Примероци** | **Збирка/тип** | **Место** |
|---|---|---|---|---|
| Т1ФIVГА | Гема (печат) со негатив | 1 (еден) | Раноантички накит/печати | Западна некропола |
| **Локалитет** | **Парцела** | **Датум на откривање** | **Култура** | **Период (датација)** |
| Стоби - РМ | Квадрат 50-17 | Јули 1995 г. | Хеленска | II век н.е. |

| **Материјал и техника** | |
|---|---|
| Стаклена паста, втиснување | |
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,3 мм |
| **Должина:** | 1,4 мм |
| **Висина:** | 1,6 мм |
| **Дебелина:** | 1,5 мм |
| **Пречник:** | 1,1 мм |
| **Тежина:** | 1,8 г |

| | |
|---|---|
| **Околност при наод**<br>Теренски ископувања | **Број на влезна книга**<br>Дневник бр. 115, тр. 25 |
| **Историјат**<br>Раноантички обетки со/без врежани фигурални претстави | **Начин на прибавување**<br>Разни наоди |
| **Состојба**<br>Целосно сочувана без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | **Конзервација - реставрација (број на досие)**<br>1015Г-110/95 |

| **Литература** |
|---|
| Анализа и обработка во депо на национална установа НУ Стоби |

| **Изложен - депониран** | **Обработил** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Депо на национална установа НУ Стоби | Мартин Величковски | Импорт од Мелос (Грција) |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1015ФГ-110/95

Тип 1, фигура IV, (група А)

**Опис**

Предметот е изработен од стаклена паста, со техника на втиснување и има овална форма и два стаклени дела: долен со темно-зелена (негатив - не е фотографиран) и горен со ѕигла боја (позитив, на сликата што се гледа). На долниот дел во негатив е втисната претстава на гола машка фигура старогрчкиот бог *Аполон*, од митолошки карактер. На главата носи венец, во левата рака држи копје, со лелеава драперија, којашто паѓа надоле, оди зад нозете и се преметнува на десната рака, која е подигната и во која тој држи некаков неидентификуван предмет.

Аполон бил едно од најголемите грчки божества. Тој бил син на Лета и Ѕевс и брат-близнак на богинката *Артемида*.

Негова основна и најстара функција била да брани од зло. Исто така, се споменува како заштитник на вегетацијата, жетвата, нивите, посевите и родот, при тоа бранејќи ги од разни инсекти-штетници.

Аполонови атрубити се: лакот, лирата, стрелата, омфалосот и троножецот. Негови свети животни се: бик, вепар, глушец, гуштер, делфин, жаба, коза и лав. Негови птици се: гавран, јастреб и лебед. Негови билки се: ловор, маслина и палма.[89]

Најраните претстави на Аполон имале аиконичен облик. Неговата култна статуа во Амикла, била од бронза и во облик на столб, а на неа само екстремитетите и лицето биле човечки. Неговата најстара претстава потекнува од VIII век п.н.е., а тоа е глава во теракота од Амикла. Во скулптурата е претставен како млад и без брада, додека во сликарството, во архајскиот период, на сликаните вази, тој е облечен и е со брада. Негови иконографски типови се: *Сауроктон*, *Сминтеј*, *Китарод*, *Белведерски* и *Парнопија*.[90]

[89] http://www.theoi.com/Olympios/Apollon.html.
[90] O. P. Morford, J. R. Lenardon, 45.

## АРХЕОЛОШКИ КАРТОН

| **Назив и место на музејската установа** | **Оддел за музејско - истражувачка дејност** |
|---|---|
| Национална установа НУ Стоби | Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број** | **Предмет** | **Примероци** | **Збирка/тип** | **Место** |
|---|---|---|---|---|
| Т2ФIГА | Прстен со вметок (гема) | 1 (еден) | Раноантички накит/прстени | Западна некропола |

| **Локалитет** | **Парцела** | **Датум на откривање** | **Култура** | **Период (датација)** |
|---|---|---|---|---|
| Стоби - РМ | Квадрат 5В-16, Гроб 1412 | Јули 1995 г. | Мизиска | I век н.е. |

| **Материјал и техника** | |
|---|---|
| Сребро, лиење, пластика, гравирање | |
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,5 мм |
| **Должина:** | 1,6 мм |
| **Висина:** | 1,4 мм |
| **Дебелина:** | 1,2 мм |
| **Пречник:** | 1,2 мм |
| **Тежина:** | 1,6 г |

| **Околност при наод** | **Број на влезна книга** |
|---|---|
| Теренски ископувања | Дневник бр. 116, тр. 26 |
| **Историјат** | **Начин на прибавување** |
| Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | Разни наоди |
| **Состојба** | **Конзервација - реставрација (број на досие)** |
| Оштетен со видливи површни надворешни (физички) оштетувања | 1016Г-206/95 |

| **Литература** |
|---|
| Анализа и обработка во депо на национална установа НУ Стоби |

| **Изложен - депониран** | **Обработил** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Депо на национална установа НУ Стоби | Мартин Величковски | Импорт од Виминациум, Мизија (Бугарија) |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1015ФГ-206/95

Тип 2, фигура I, (група А)

**Опис**

Прстенот е од сребро со пластика од виолетова боја и е изработен во техника на лиење. Касетата за вметок е елипсовидна. Во неа е вметната плочка, на којашто е изгравирана гола машка фигура - во профил, со брада, подолга коса, нагласена мускулатура и која се бори со стилизирано животно (лав). Ова е втор пример на претставата на *Херакле*, од група Б. Претставата пак, на ова животно е златно обоена.

| **АРХЕОЛОШКИ КАРТОН** | |
|---|---|
| **Назив и место на музејската установа**<br>Национална установа НУ Стоби | **Оддел за музејско - истражувачка дејност**<br>Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број**<br>Т2Ф2ГА | **Предмет**<br>Прстен со вметок (гема) | **Примероци**<br>1 (еден) | **Збирка/тип**<br>Раноантички накит/прстени | **Место**<br>Западна некропола |
|---|---|---|---|---|
| **Локалитет**<br>Стоби - РМ | **Парцела**<br>Квадрат 50-9, Гроб 1801 | **Датум на откривање**<br>Јули 1995 г. | **Култура**<br>Римска | **Период (датација)**<br>IV век н.е. |

| **Материјал и техника**<br>Сребро, лиење, јаспис, врежување | |
|---|---|
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,6 мм |
| **Должина:** | 1,5 мм |
| **Висина:** | 1,3 мм |
| **Дебелина:** | 1,1 мм |
| **Пречник:** | 1,3 мм |
| **Тежина:** | 1,7 г |

| **Околност при наод**<br>Теренски ископувања | **Број на влезна книга**<br>Дневник бр. 119, тр. 29 |
|---|---|
| **Историјат**<br>*Раноантички прстени со/без врежани* фигурални претстави | **Начин на прибавување**<br>Разни наоди |
| **Состојба**<br>Сочуван без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | **Конзервација - реставрација (број на досие)**<br>1019Г-270/95 |

| **Литература** |
|---|
| Анализа и обработка во депо на национална установа НУ Стоби |

| **Изложен - депониран**<br>Депо на национална установа НУ Стоби | **Обработил**<br>Мартин Величковски | **Забелешка**<br>Импорт од Егејски басен (Грција) |
|---|---|---|

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1019ФГ-270/95

Тип 2, фигура II, (група А)

**Опис**

Предметот е изработен од сребро, во техника на лиење.

На проширената глава, за разлика од долниот дел на прстенот кој има плосната, овална форма, се наоѓа овална гема со темно-портокалова боја или некој црвен обоен полудраг камен (јаспис). Врежана е човечка фигура, прикажана во расчекор и во профил, како се бори со животно, од митолошки карактер. На неа, воочлива е акцентираната мускулатура. Се работи за Херакле, што во превод значи „во слава на Хера".

| **Локалитет** | **Парцела** | **Датум на откривање** | **Култура** | **Период (датација)** |
|---|---|---|---|---|
| Стоби - РМ | Квадрат 6С-5, Гроб 630 | (Јули 1992 г.) | Хеленска | III-IV век н.е. |

| **Материјал и техника** | **Број и знак на негатив** | **Предмет** |
|---|---|---|
| Сребро, лиење | нема | Подтип1, фигура I, (група Г) |

| **Димензии** | |
|---|---|
| **Ширина:** | 1,6 мм |
| **Должина:** | 2,3 мм |
| **Висина:** | 3,4 мм |
| **Дебелина:** | 2,5 мм |
| **Пречник:** | 1,7 мм |
| **Тежина:** | 2,3 г |

**Опис**

Предметот е изработен од сребро, во техника на лиење.
Алката во долниот дел има две брадавичести апликации. Главата е рамна и е правоаголно обликувана. Поради неможноста да се дојде до фотографски материјал, од одредени причини, описот ќе биде оскуден.

| **Околност при наод** | **Број на влезна книга** |
|---|---|
| Теренски ископувања | Дневник бр. 104, тр. 14 |

| **Историјат** | **Начин на прибавување** |
|---|---|
| Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | Разни наоди |

| **Состојба** | **Конзервација - реставрација (број на досие)** |
|---|---|
| Целосно сочувана без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | 1004Г-244/92 |

**Литература**

В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, 49.

| **Изложен - депониран** | **Обработил** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Музеј на Македонија - Скопје | Мартин Величковски | Импорт од Хиос (Грција) |

<table>
<tr><th colspan="5">АРХЕОЛОШКИ КАРТОН</th></tr>
<tr><td colspan="2">Назив и место на музејската установа<br>Музеј на Македонија - Скопје</td><td colspan="3">Оддел за музејско - истражувачка дејност<br>Археолошки/Рана антика</td></tr>
<tr><td>Инвентарен број<br>ПТ1ФIIГГ</td><td>Предмет<br>Прстен со вметок (гема)</td><td>Примероци<br>1 (еден)</td><td>Збирка/тип<br>Раноантички накит/прстени</td><td>Место<br>Западна некропола</td></tr>
<tr><td>Локалитет<br>Стоби - РМ</td><td>Парцела<br>Квадрат 5Ц-2, Гроб 880/А</td><td>Датум на откривање<br>(Јули 1992 г.)</td><td>Култура<br>Хеленска</td><td>Период (датација)<br>II-III век н.е.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Материјал и техника<br>Бронзен лим, исчукување</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Димензии<br>Ширина: 2,3 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Должина: 2,7 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Висина: 2,9 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Дебелина: 1,3 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Пречник: 1,5 мм</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Тежина: 1,9 г</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Околност при наод<br>Теренски ископувања</td><td colspan="3">Број на влезна книга<br>Дневник бр. 105, тр. 105</td></tr>
<tr><td colspan="2">Историјат<br>Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави</td><td colspan="3">Начин на прибавување<br>Разни наоди</td></tr>
<tr><td colspan="2">Состојба<br>Сочуван со мали видливи површни надворешни (физички) оштетувања</td><td colspan="3">Конзервација - реставрација (број на досие)<br>1005Г-268/92</td></tr>
<tr><td colspan="5">Литература<br>И. Поповић, Ремек-дела римских златара-Збирка Народног музеја у Београду. Београд 1997, 34.</td></tr>
<tr><td>Изложен - депониран<br>Музеј на Македонија - Скопје</td><td colspan="2">Обработил<br>Мартин Величковски</td><td colspan="2">Забелешка<br>Импорт од Атина (Грција)</td></tr>
</table>

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1005ФГ-268/92

Подтип 1, фигура II, (група Г)

**Опис**

Предметот е изработен од бронзен лим, во техника на исчукување. Има елипсовидна глава и во неа е вметнат полудраг обоен камен, од декоративен карактер. Каменот нема никаква врежана претстава на него, но затоа пак акцентот паѓа на алката на прстенот, на која е изработена стилизирана биста со човечка глава (налик на некаква ритуална маска), со кружно нагласени очни празнини со граничници, исполнети со вметнат опсидијан. На неа се гледаат вешто доловените ушни школки, косата, што како појас се издига над брановидното чело, нагласените јаболкници со остри ивични рабови и благо отворената уста со задебелени

усни. Вратот е тенок и обло продолжува кон внатрешноста, за на крај да заврши со истакнатите рамења на претставата.[98]

[98] И. Поповић, *Ремек-дела римских златара-Збирка Народног музеја у Београду*, Београд 1997, 34.

| **АРХЕОЛОШКИ КАРТОН** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Назив и место на музејската установа**<br>Национална установа НУ Стоби | | **Оддел за музејско - истражувачка дејност**<br>Археолошки/Рана антика | | |
| **Инвентарен број**<br>Т2ФІГГ | **Предмет**<br>Гема (камен) | **Примероци**<br>1 (еден) | **Збирка/тип**<br>Раноантички накит/геми | **Место**<br>Западна некропола |
| **Локалитет**<br>Стоби - РМ | **Парцела**<br>Квадрат 5С-24, Гроб 1670 | **Датум на откривање**<br>Јули 1995 г. | **Култура**<br>Хеленска | **Период (датација)**<br>II век н.е. |

| **Материјал и техника**<br>Стаклена паста | |
|---|---|
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,3 мм |
| **Должина:** | 1,6 мм |
| **Висина:** | 1,5 мм |
| **Дебелина:** | 1,2 мм |
| **Пречник:** | 1,1 мм |
| **Тежина:** | 1,4 г |

| **Околност при наод**<br>Теренски ископувања | **Број на влезна книга**<br>Дневник бр. 118, тр. 28 | |
|---|---|---|
| **Историјат**<br>Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | **Начин на прибавување**<br>Разни наоди | |
| **Состојба**<br>Сочувана без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | **Конзервација - реставрација (број на досие)**<br>1018Г-212/95 | |
| **Литература**<br>Анализа и обработка во депо на национална установа НУ Стоби | | |
| **Изложен - депониран**<br>Депо на национална установа НУ Стоби | **Обработил**<br>Мартин Величковски | **Забелешка**<br>Импорт од Пелопонез (Грција) |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1018ФГ-212/95

Тип 2, фигура I, (група Г)

**Опис**

Предметот е изработен од стаклена паста.

Гема - вметок со кружна форма, од горната страна е испапчена (конкавна), додека од долната страна има мало кружно (конвексно) вдлабнување кон средината, од декоративен карактер.

## АРХЕОЛОШКИ КАРТОН

| **Назив и место на музејската установа** | **Оддел за музејско - истражувачка дејност** |
|---|---|
| Национална установа НУ Стоби | Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број** | **Предмет** | **Примероци** | **Збирка/тип** | **Место** |
|---|---|---|---|---|
| Т2ФIIГГ | Прстен со вметок (гема) | 1 (еден) | Раноантички накит/прстени | Западна некропола |
| **Локалитет** | **Парцела** | **Датум на откривање** | **Култура** | **Период (датација)** |
| Стоби - РМ | Квадрат 30-9, Гроб 1804 | Јули 1995 г. | Римска | V век н.е. |

| **Материјал и техника** | |
|---|---|
| Бронза, лиење, стаклена паста, калапење | |
| **Димензии** | |
| **Ширина:** | 1,4 мм |
| **Должина:** | 1,6 мм |
| **Висина:** | 1,3 мм |
| **Дебелина:** | 1,2 мм |
| **Пречник:** | 1,2 мм |
| **Тежина:** | 1,5 г |

| **Околност при наод** | **Број на влезна книга** |
|---|---|
| Теренски ископувања | Дневник бр. 120, тр. 30 |
| **Историјат** | **Начин на прибавување** |
| Раноантички прстени со/без врежани фигурални претстави | Разни наоди |
| **Состојба** | **Конзервација - реставрација (број на досие)** |
| Делумно оштетена со видливи површни надворешни (физички) оштетувања | 1020Г-368/95 |

| **Литература** |
|---|
| Анализа и обработка во депо на национална установа НУ Стоби |

| **Изложен - депониран** | **Обработил** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Депо на национална установа НУ Стоби | Мартин Величковски | Импорт од Аквилеја (Италија) |

**Предмет**



**Број и знак на негатив**

1020ФГ-368/95

Тип 2, фигура II, (група Г)

**Опис**

Предметот е изработен од бронза, во техника на лиење.

Прстенот е со задебелен и проширен горен дел. Има елипсовидна глава, во чиешто лежиште е вметнат додаток со овална форма од стаклена паста. На него, веројатно со калап е направен некаков нејасен декоративен орнамент (можеби е еден или два коња во галоп, позабележителни се главите со гривите и пар од предните и задни екстремитети).

## АРХЕОЛОШКИ КАРТОН

| **Назив и место на музејската установа** | **Оддел за музејско - истражувачка дејност** |
|---|---|
| Музеј на Македонија - Скопје | Археолошки/Рана антика |

| **Инвентарен број** | **Предмет** | **Примероци** | **Збирка/тип** | **Место** |
|---|---|---|---|---|
| Т2ФIIIГГ | Прстен со печат (гема) | 1 (еден) | Раноантички накит/прсетни | Западна некропола |
| **Локалитет** | **Парцела** | **Датум на откривање** | **Култура** | **Период (датација)** |
| Стоби - РМ | Квадрат 5С-12, Гроб 846 | (Јули 1992 г.) | Хеленска | III-IV век н.е. |

| **Материјал и техника** | **Број и знак на негатив** | **Предмет** |
|---|---|---|
| Бронза, лиење | нема | |
| **Димензии** | **Опис** | |
| **Ширина:** 1,3 мм | Предметот е изработен од бронза во техника на лиење. Претставува детски прстен со овална алка и мала елипсовидна глава со втиснат печат во негатив. Поради неможноста да се дојде до фотографски материјал, од одредени причини, описот ќе биде оскуден. | |
| **Должина:** 1,8 мм | | |
| **Висина:** 1,6 мм | | |
| **Дебелина:** 1,7 мм | | |
| **Пречник:** 1,4 мм | | |
| **Тежина:** 2,1 г | | Тип 2, фигура III, (група Г) |

| **Околност при наод** | **Број на влезна книга** |
|---|---|
| Теренски ископувања | Дневник бр. 107, тр. 17 |
| **Историјат** | **Начин на прибавување** |
| Раноантички обетки со/без врежани фигурални претстави | Разни наоди |
| **Состојба** | **Конзервација - реставрација (број на досие)** |
| Целосно сочувани без видливи површни надворешни (физички) оштетувања | 1006Г-281/92 |

**Литература**

В. Соколовска, В. Санев, М. Ивановски, Ж. Винчиќ, М. Шурбановска и М. Ѓуровски, 56.

| **Изложен - депониран** | **Обработил** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Музеј на Македонија - Скопје | Мартин Величковски | Импорт од Кипар (Грција) |

## VI ДЕЛ

## ТИПОЛОШКА ПОДЕЛБА НА АНТИЧКИТЕ ГЕМИ И КАМЕИ

Од горе презентираните примероци на антички геми и камеи (VI век п.н.е.-VI век н.е.), пронајдени во накитот на територијата на Република Македонија, може да се забележи дека сите 27 парчиња, се поделени и класифицирани, според некои нивни одредени својства (вид на камен, техника која е применета врз нив, дали се како предмет сами за себе или пак се дел од накит (обетка, прстен, ланче и сл), како и според иконографијата која ја носат на себе (фигурални претстави на луѓе и животни - понекогаш стилизирани и пренагласени, божества од митологијата - старогрчка, во случајот со македонските примери или сцени од лов).

Затоа тие се поделени и класифицирани според заеднички ликовни карактеристики и тоа:

1). **Група А, тип 1 (само божество со атрибути), тип 2 (во присуство со зооморфно суштество/борбен акт)** - митолошки;

2). **Група Б, тип 1 (глави), подтип 1 (ликови), тип 2 (бисти), тип 3 (цели фигури), подтип 3 (со натписи), тип 4 (нејасни/недефинирани)** - профани;

3). **Група В, тип 1 (земни), тип 2 (водни)** - зооморфни;

4). **Група Г, тип 1 (само камен), подтип 1 (акцент на алката), тип 2 (нејасни/недефинирани)** - декоративни.

## VII ДЕЛ

## КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРЕТСТАВЕНИТЕ МОТИВИ

Од досега евидентираните културно-историски факти, извршената анализа, средената документација на предметите геми и камеи, откриени при теренските истражувања и ископувања, подредени според годината на откривање, може да се донесат следниве заклучоци:

1). **ТЗФIГБ Инв. бр. 1** - со својата оскудна иконографија, не дава можност за точно прецизирање на темата, којашто е избрана да се претстави на камен, што всушност претставува таа? Мотивот на човечка фигура, како таков може да пружи широк дијапазон на различни функции и стилизации врзани за него, само дел од тие прашања и тези би биле (дали се работи за обична секојдневна ситуација од животот, со чин на роб/слуга, можеби како водач/лидер на помало племе, император/освојувач, дали му се прикажани одредени атрибути кои ќе го издигнат на повисок пиедестал од останатите (обичните смртници, со акцентирање на божество - полубог или бог и сл). Минимална сличност може да се забележи, со претставата на човек со копје во рацете и шлем на главата, на сребрениот прстен од Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит, инв. бр. 886/II, како и двата примера од Ритопек „*Castra Tricornia*", инв. бр. 2610/II и Ушче кај Обреновац, инв. бр. 4029/III - На нив има претстави на човек, од кои едната е мошне шематизирана, додека другата стои наведната напред и левата нога и е свиткана во коленица. Под неа има неидентификувана претстава. Како и да е останува само еден факт, којшто го потврдува неговиот импорт, а тоа се согледува од формата и материјалот, од коишто се состои и е изработена гемата.[99]

2). **ТЗФIIГБ Инв. бр. 2** - се поистоветува со претставата на човек со копје во рацете и шлем на главата, на сребрениот прстен од Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит, инв. бр. 886/II.[100]

3). **ПТЗФIГБ Инв. бр. 3** - е сличен со претставите на Аквилејските геми, со фигурата на старогрчката божица на победата *Нике*, која држи гранче (лотос/маслина) во рацете.[101]

4). **Т1ФIГА Инв. бр. 4** - има сличност со хеленистичките геми на *Артемида*, *Селена* и *Деметра* (старогрчки божици на огновите), а најчесто носела факели, осветлувајќи си го патот.[102]

5). **Т1ФIIГА Инв. бр. 5** - нуди сосема поинаков пристап од претходниот пример. Тоа се докажува со веќе јасно установена тема и мотив врежани на неа. Со самиот факт дека на неа

---

[99] И. Поповић, *Ремек-дела римских златара-Збирка Народног музеја у Београду*, Београд 1997, 35.
[100] Д. Бојовић, *Римске геме и камеје у Музеју града Београда*, Зборник Музеја примењене уметности 28/29, Београд 1984-1985130.
[101] В. Битракова - Грозданова, *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје 1987, 70.
[102] Б. Гавела, *Антички споменици грчко-египатског синкретизма у нашој земљи*, Београд 1956, 57.

се гледа старогрчкиот бог *Каирос*, сличностите се поврзуваат со неверојатно богатиот инвентарен фонд на геми, со врежани претстави на божества од збирката на Аквилеја.[103]

6). **Т4ФIГБ Инв. бр. 6, Т1ФIГГ Инв. бр. 7, Т1ФIIГГ Инв. бр. 8, Т1ФIIIГГ Инв. бр. 9, ПТ1ФIГГ Инв. бр. 10, ПТ1ФIIГГ Инв. бр. 11, Т2ФIГГ Инв. бр. 12, Т2ФIIГГ Инв. бр. 13** и **Т3ФIIIГБ Инв. бр. 14** - би се класифицирале со примероците, коишто покажуваат неодредени или нејасни претстави на фигури со/без придружни претстави, да функционираат како печати од збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2014/II - Гемата е скршена на два дела, а врежаната претстава е нејасна.

7). **Т1ФIIIГА Инв. бр. 15** - има квалитетна изработка и јасно воочливи детали, на претставата којашто ја носи гемата. Со војнички атрубути старогрчката богинка/заштитничка на градот-полис Атина, може да се споредува со примероците од Тракија, Виминациум (Мизија/денешна Бугарија). Слична ваква иконографија, се забележува и кај богинка на мудроста и заштитничка на уметноста *Минерва*, од збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Камеа, Белград, непознато наоѓалиште, инв. бр. 1487 - Во каменот од бела боја е врежана во десен профил главата на Минерва, која носи шлем со перјаница; Гема, Белград, непознато наоѓалиште, инв. бр. 1490 - На нејзината горна, рамна површина е врежано попрсје на Минерва свртена кон лево. На главата на Минерва има шлем со перјаница, којашто паѓа до грбот. Зад перјаницата е врежана латинската буква „N", додека пред нејзиното лице е врежана ѕвезда. На градите има штит со две змии; Гема, Ушче, локалитет Плантажа, археолошко ископување, 1967 година, инв. бр. 1989 - На нејзината горна, рамна површина е врежана Минерва во стоечки став свртена кон лево. Во десната рака Минерва држи копје, а во левата штит и Гема, непознато наоѓалиште, инв. бр. 4299 - На нејзината горна, рамна површина е врежана Минерва во стоечки став, свртена кон лево. Во десната рака Минерва држи копје, а во левата, спуштена покрај телото придржува штит, но и истоветност со посилниот пол - од збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 886/II - На гемата е врежана претстава на маж свртен на лево. Тој на главата носи шлем, во десната рака држи копје, а во левата некој неодреден предмет и Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2606/II - На гемата е врежана претстава на воин свртен кон десно. Тој во десната рака држи штит, додека во левата копје, а на главата носли шлем.[104]

8). **Т1Ф1ГБ Инв. бр. 16** - на којшто е изгравирана стилизирана човечка глава, би се анализирал со примероците од збирката на Музејот на применети уметности во Белград,

---

[103] *Das römiche Budapest. Neue Ausgrabungen und Funde in Aquincum* (catalogo della mostra del Westfälischen Museums fur Archäologie). Münster 1986, 86.

[104] Д. Бојовић, *Римске терме у Парку на студенском тргу у Београду*, 1977, 78.

римски геми и камеи, инв. бр. 2525 - На нејзината горна, рамна површина е врежана машка глава свртена налево. Во косата има венец, а брадата му е назначена со резови. Пред челото и зад тилот е врежана по една ѕвезда и инв. бр. 4298 - Елипсовидна, по рабовите доста оштетена грилос тип на гема. На горната, рамна површина во десен профил е врежана машка глава, со капа во вид на глава од орел, иако има индиции за претстава на божество; Гема, местото на наоѓање непознато, инв. бр. 3385 - Потполно зачувана псевдо-гема „vitro", со елипсовиден облик. На нејзината долна страна е изгравирана машка глава (*Нерон* како Аполон) свртена кон десно.[105]

9). **Т2ФIIIГГ Инв. бр. 17** - е сличен со бугарските камеи, коишто претставуваат детска глава, можат да се вметнат во една група како тип, а не како исполнување. Лицето на детето е претставено со големи и натежнати образи, мала брада и чпртав нос. Има широко отворени очи и малку уморен поглед.[106]

10). **Т1Ф1ГВ Инв. бр. 18** - е од оние геми, коишто како главен мотив ги земаат зооморфните стилизации и претстави на животни, како што во случајот со овој прстен со вметок, на којшто е врежана срна. Истоветни геми со/без прстени на коишто се вметнуваат во лежиштата на главите, има од гемите при колекциите од Тракија, Виминациум (Мизија/денешна Бугарија) и збирките од Музејот на применети уметности и Народниот музеј во Белград, римски геми, камеи и прстени - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2013/II - На гемата е врежана многу нејасна претстава, којашто можеби прикажува некое животно свртено кон десно.[107]

11). **ПТ1ФIГБ Инв. бр. 19** - го покажува јасно и прецизно ефектот од стилизацијата, изведена врз женски лик/глава или биста. Таквата изведба е за пофалба бидејќи на енормно мала површина да се изведе таков зафат, и тоа на обетки е за воодушевување. Но, без разлика на каков однапред одбран материјал ќе се гравираат, тоа си носи и свои мотивни сличности, препознатливи со соседите. Имено станува збор за дел од збирката, на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Италија, приватна збирка од Прага, инв. бр. 662/II - На камеата во белиот слој релјефно е претставена биста на жена свртена кон десно. На изразот на лицето се забележуваат силен нос и ковчеста брада, а окото е пластично моделирано и нагласено со врежани линии. Косата е зачешлана од челото и пуштена до вратот. Широката плетенка, се спушта долж образот и кај виличната коска е повиена кон горе. На поттилот од повиената коса е формирана пунѕа во облик на ролна, којашто продолжува во плетеница прифатена на темето. Косата зачешлана на овој начин ја носеле Елагабаловите жени *Јулија Паула* и *Јулија Севера* - *„Iulija Paula Annia Faustina"*, *„Iulija Aquilia Severa"*, а најголем број на женски претстави од овој тип определени се како портрети Јулија Паула; Прстен, Костолац

[105] Р. Марић, *Антички култови у нашој земљи*, Београд 1933, 34.
[106] А. Димитрова - Милчева, *Геми амулети с гностически изображения*, София 1968, 70.
[107] Б. Радојковић, *Накит код Срба од XII до XVIII века*, Београд 1969, 70.

„*Viminacium*", инв. бр. 3784/III - На камеата во белиот слој релјефно е претставена биста на жена свртена кон десно. Цртите на лицето се сумарни, а косата е зачешлана од челото и собрана во пунца на поттилот. Ваква фризура била карактеристична за почетокот на III век од н.е.; Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2005/I - На гемата, сумарно е претставена глава на жена свртена кон десно и Камеа, Ритопек, локалитет Водица, случаен наод, инв. бр. 856 - На горната страна има попрсје на жена свртена кон десно. Останува и понатаму неодгатната појавата на големиот број на камеи, на коишто се прикажани бисти на жена, со сумарно третирани црти на лицето, но и со многу прецизно обработени фризури. Карактеристичниот начин на чешлање - мода којашто ја диктирале царициите во царскиот двор, дозволувала хронолошки прецизно да се прати серијата на сите овие камеи, изработени во периодот од крајот на II и почетокот на IV век н.е. Доколку на бистите се претставени самите царици, како што се медаљоните, чии што камеи прикажуваат жена со фризура, која ја носеле царицата *Криспина* и *Орбијана*, претставуваат прави ремек-дела на римската глиптика. Тие се изработувани во некој подунавски центар, најверојатно во Виминациум, но со обѕирот на големиот број слични камеи, од областа на долен Подунав, може да се мисли и на работилниците во Рацијарија и Новае во Бугарија.[108]

12). **Т3ФIVГБ Инв. бр. 20** - би се поистоветил со погоренаведениот пример, од збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2014/II - (кога станува збор за фигура на жена/маж во цел раст/став со/без надворешни дообјаснувања), од територијата на Романија - откриена е една *камеа со женско тело*, најдена во Ромул како и тој од територијата на Пајонија - врз претходно полираната површина е исцртано божеството на права женска фигура облечена во долг хитон. Од засега недоволно истражени и логичко необјасниви причини, мајсторот не успеал докрај да ја доврши резбата. Резбата е многу плитка. Неколкуте тенки линии пред и зад фигурата, не се доволни за да се разбере намерата на мајсторот, за какво божество станувало збор.[109]

13). **Т1ФIVГА Инв. бр. 21** - има најквалитетна изработка на интална гема, со негатив којашто функционирала како печат. Дефинитивно иконографскиот тип на старогрчкиот/римскиот бог на убавината, поезијата, музиката, лекувањето, пророштвото, светлината, патниците... (едно од 12-те олимписки божества) Аполон, има неверојатен површински третман. Пронајдениот примерок од територијата на РМ, може да се мери со врвните изработки (различни мотиви/ист надворешен изглед), од мирните и цврсти раце на мајсторите, со колекциите од Ексус (денешен Гиген) - Железниот прстен со *Аполон Китарег*, збирката од Музејот на

[108] А. Димитрова - Милчева, *Памятники глиптики как источник для изучения культуры и искусства римских провинции Фракии и Мезии первых веков н.э. Автореферат диссертации. Л.*, София 1975, 81.
[109] D. Bojović, *Rimske fibule Singidariuma*, Beograd 1983, 84.

применети уметности во Белград - *Аполон еден од 12-те олимписки божества - синот на Ѕевс и Лета - братот на близнаците на Артемида.* Фигурата на Аполон во профил со лира во рацете, го претставува т.н. *Аполон Палатинус* или *Китароид*, кој репродуцирал хеленистички тип познат на монетата *К. Помпониј Муза*, (од 66/67 г.п.н.е.). Тој со десната нога е навален на карпа и ја придржува лирата на која свири. Таквата композиција има пример во делата на Лизип, Синкретистичката претстава на *голиот Аполон-Дионис*, претставена е во гемата на златен прстен. Божеството во едната рака држи класа на жито, што е атрибут на богот Аполон кој го поврзуваме со Сицилија како житница, а во другата рака држи грозд, што е пак атрибут на Дионис. Врежаната ѕвезда на оваа гема го означувало присуството на врховното божество Јупитер или *Диоскур*, чиј што е амблем; Аквилеја - Гема, Музеј Аквилеја, инв. бр. 51251 - Претстава на голиот Аполон кој стои исправен, во левата испружена рака има една гранка, притоа потпирајќи се на столб и Гема, Музеј Аквилеја, инв. бр. 51691 - Претстави на Аполон и муза облечена во хитон која стои пред него со цитра.[110]

14). **Т1ФПГВ Инв. бр. 22** и **Т2ФІГА Инв. бр. 23 -** по својот мотив има приближни иконографски моменти (без борбен акт, само претставено животно се однесува на првиот пример), со предметите од збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Прстен, Свилајнац, околина, инв. бр. 3979/II - На гемата во светло-синиот слој е врежана претстава на лав во скок кон лево.[111]

15). **Т2ФІГВ Инв. бр. 24 -** има мошне еднакви иконографски елементи, со збирката на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Гема, непознато наоѓалиште, инв. бр. 3353 - На рамната површина е врежан стилизиран лик на риба.[112]

16). **Т2Ф2ГА Инв. бр. 25 -** со квалитетна изработка, во нагласена анатомија, што е доследна за најславниот грчки јунак и заштитник на атлетиката и младината - Херакле. Сепак блиски индиции, треба да се побараат во примерите од збирките на Народниот музеј во Белград, прстени - римски накит - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 875/II - На гемата е врежана претстава на Меркур свртен кон десно. Во десната рака држи кесе, а во левата кадуцеј; Музејот на применети уметности во Белград - римски геми и камеи - Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 2527 - На нејзината горна, рамна површина е врежана главата на Меркур свртена кон десно. Зад главата на Меркур е врежан кадуцеј; Прстен, непознато наоѓалиште, инв. бр. 3455 - На горната површина на гемата е врежан Амор во стоечки став свртен кон лево. Во десната спуштена рака држи бакла свртена надоле. Во левата испружена држи гранче и Аквилеја - Гема, Музеј Удине, инв. бр. 914/223 - Претстава на Меркур кој седи на карпа, поставена на десната страна; Гема, Музеј Аквилеја, инв. бр. 24871 - Претстава на Меркур кој

---

[110] A. Jovanović, *Nakit u rimskoj Dardaniji*, Beograd 1978, 79.
[111] Т. Цвјетићанин, Београд 1994, 95; Љ. Поповић, Београд 1994, 95.
[112] Lj. Ruseva - Sokolovska, Skopje 1991, 92.

стои со наметка, којашто му виси преку десната рака и пред својот поглед. Со левата рака држи торба со правата на Кадуцеус; Гема, Музеј Удине, инв. бр. 1241/146 - Претстава на Меркур кој стои до претставата на Кадуцеус, а од десната испружена рака ја испушта торбата со правата и Прстен, Музеј Аквилеја, инв. бр. 27183 - Тој стои пред олтарот со претстава на еден петел и неколку овци, кои се често претставени на истата локација.[113]

17). **Т1ФIIГБ Инв. 26** и **Т2ФIIГБ Инв. бр. 27** - од редот на камеи изработени во висок релјеф, по својот квалитет, се доказ дека се дело на старите италијански глиптичари - гравери.[114]

[113] G. Sena Chiesa, *Gemme del Museo Nazionale di Aquileia*, 2 voll., Ass. Naz. per Aquileia, Padova 1966, 71.
[114] A. Giovannini (b), *La necropolis del Ponte Rosso*, in Aa. Vv., *Aquileia romana. Vita pubblica e privata*, Venezia 1991, 92.

# ЗАКЛУЧОК

Од досега изнесените веродостојни, пишани факти и материјални сознанија, можеме со сигурност да посочиме дека мајсторски прецизната изработка врз обоените, полудрагите камења и минерали, во време кога немало никаква модерна и специфицирана технологија и апаратура е ненадминлива! Внимателното одбирање на материјал, врз кој ќе се врежува, гравира, вдлабува и вметнува, бара крајно внимание и чувство за допир, со алатот со којшто се работи. Сите пронајдени предмети укажуваат на фактот дека се директен или попатен импорт, при трговските размени од соседството (Бугарија - Мизија, со центар во Виминациум, Новае и Рациарија; Грција - Атина, Егејски басен, Пелопонез, островите Кипар, Мелон, Самос и Хиос) и пошироко од територијата на Европа (Италија - Аквилеја и Етрурија). Како споредба, на релативно мала територија, што ја поседува нашата земја, преку иконографската анализа, јасно можат да се увидат панданските сличности на божествата од римскиот и хеленистичкиот период. Сосема е јасно дека според малите димензии и квалитетниот мајсторски зафат врз нив, биле пренесувани од страна на богатите трговци и колекционери, на територијата на Балканот и пошироко на европско тло.

Сепак, јасно е дека станува збор за мала збирка (легално документирана, не заборавајќи го бесконечниот број на нерегистрирани и анонимни трговци/колекционери). Сите досега пронајдени предмети (евидентирани и неевидентирани - препродавани на црниот пазар или пак во приватни колекции), коишто во блиското минато биле откриени под одредени околности и услови на нашата територија, немале можност да бидат сортирани и класифицирани на едно место, за да се знае, колку точно изнесува нивниот број.

Иконографската тематика од македонските примери, има скромен дијапазон на мотиви и тоа од богинки/ови - Аполон, Атена, Каирос, Хеката - Кора (хеленски), Херакле (римски), животни (коњи, лав, риба и срна), борбена сцена (човек се бори со лав), претстави на човек, машка и женска фигура, одделни нејасни мотиви, биста на маж и жена, глава на жена и сл. Повеќето од нив се во стоечки, не секогаш во седечки став, во своите раце држат одредени предмети, преку коишто се атрибуира нивната фигура и добива помало или поголемо симболичко значење или пак држат некакво оружје, поставени се во некаков акт (борбен), со ориент позиција кон лево или десно, ¾ став и.т.н.

Секоја ликовна претстава, зад она што ние го гледаме со свои очи, во својата основа си носи некој скриен симболизам. Индивидуалната или колективна потреба, од величење на големи митолошки божества е да се потенцира и материјализира верувањето кон нив. Тие, освен психолошки - потсвесно биле и физички блиску до лицето кое што ги носело на себе.

Моќта била тука, до нив присутна. Во таквите предмети човекот гледал одреден спас од разни побуди.

Возможни биле желбите на оние од повисоките слоеви, кои што можеле да си дозволат да бидат врежани во цел раст, како бисти или пак акцент да и се дал само на главата, сè со цел да остават некаков иден белег дека постоеле и придонеле за нешто во колективната заедница, каде што живееле.

Покрај индиректната потреба од окарактеризирање на одредениот „СПАСИТЕЛ", тука неизоставен дел биле и животните. Како што во пештерното сликарство, скриени од другите племиња, поединци создавале врвни креации, во доловувањето на некои движења или инстиктивни нагони на животните, за да си ги објасенеле одредените особини или потреби (дел од човековата исхрана, некаков си фетиш за нешто), истиот фазон го примениле векови подоцна врвните мајстори-глиптичари. Мотивот останал ист, се сменил само материјалот и алатот врз којшто ќе се работело.

Сигурно ќе се запрашате зошто се насочувал сиот труд и техника на овие врвни глиптичари, кон претставувањето на вакви божества со помала или поголема моќ? Одговорот е сосема јасен. Човековата потреба од ронка моќ, па дури и со минимален интензитет, има големо влијание врз психата. Со самиот чин на носење на предметот близу телото (дали станувало збор за прстен, обетки, ѓердан или сл.), се верувало дека преку претставата на тоа божество, дел од неговата моќ се пренесувала на оној кој го носел, а со самото тоа и личноста која што ја носела, верувала дека ја поседува моќта на божеството. Без разлика дали тоа бил некој со многу висока функција во општеството или обичен граѓанин, прстенот, обетките, ѓерданите со вметоци имале магиско-религиски или утилитарен карактер. Повеќе се ценела нивната моќ како амајлија, отколку личниот идентитет како печат, белег на некој или нешто.

Затоа треба да ни биде чест и да покажеме достојна почит, ние кои со различен придонес, имаме една трошка удел во оваа проблематика на научната сфера (археолози и историчари на уметност - дипломци, магистранти, докторанти, доценти и професори). Благодарност да покажат поедини физички лица (откупители-колекционери, кои незаконски вршат препродажба на предмети од приватни збирки), останати национални музејски установи и глиптотеки, кон делата изработени од врвни мајстори-глиптичари, како културен аманет и сведоштво за едно недоволно истражено време, а како репер кон идните генерации кои што доаѓаат.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Babelon E., *La Gravure en Pierres Fines, camées et intailles*, Smithsonian libraries, Paris 1894.

Bojović D., *Rimske fibule Singidariuma*, Zbirke i legati catalog;, 12, Beograd 1983.

Бојовић Д., *Римске геме и камеје у Музеју града Београда*, Зборник Музеја примењене уметности 28/29, Београд 1984-1985.

Бојовић Д., *Римске терме у Парку на студенском тргу у Београду*, Годишњак града Београда XXIV, Београд 1977.

Chiesa Sena G., *Gemme del Museo Nazionale di Aquileia*, 2 voll., Ass. Naz. per Aquileia, Padova 1966.

*Das römiche Budapest. Neue Ausgrabungen und Funde in Aquincum* (catalogo della mostra del Westfälischen Museums fur Archäologie), Münster 1986.

Furtwängler A., *Die Antiken Gemmen*, I (Tafeln), II (Beschreibung und Erklärung der Tafeln), III (Geschichte der Steinschneidekunst im Klassischen Altertum), Leipzig-Berlin 1900.

Гавела Б., *Антички споменици грчко-египатског синкретизма у нашој земљи*, Старинар (н.с.), 5-6, (1954-1955), Београд 1956.

Giovannini (b) A., *La necropolis del Ponte Rosso*, in Aa. Vv., *Aquileia romana. Vita pubblica e privata*, Venezia 1991.

Грозданова - Битракова В., *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Посебни изданија на одделението за научна дејност на Н.Н.С.Г., Скопје 1987.

Грозданова - Битракова В., Маленко В., *Антички накит во Македонија VI в.п.н.е.-VI в.н.е.*, Ѓурѓа, Скопје 2005.

Jovanović A., *Nakit u rimskoj Dardaniji*, Savez arheolos□kih drus□tava Jugoslavije, Beograd 1978.

Коцо Д., Грозданов Ц. и Грозданова - Битракова В., Археолошка карта на Република Македонија, Том II, МАНУ, Музеј на Македонија - Археолошки оддел, Скопје 1996.

Krug A., *Römische Gemmen im Rheinischen Landes museumTrier*, Trier 1995.

Levi D., *Glittica in L' Accademia etrusca*, Catalogo della Mostra, a curandi P. Barocchi e D. Gallo, Milano 1985.

Марић Р., *Антички култови у нашој земљи*, Штампа државне штампарије Краљевине Југославије, Београд 1933.

Микулчиќ И., Стоби - антички град, Скопје 2003.

Милчева - Димитрова А., *Антични геми и камеи от Националния Археологически музей в София*, Археология, София 1969.

Милчева - Димитрова А., *Геми амулети с гностически изображения*, Археология, София 1968.

Милчева - Димитрова А., *Памятники глиптики как источник для изучения культуры и искусства римских провинции Фракии и Мезии первых веков н.э. Автореферат диссертации. Л.*, София 1975.

Morford P. O., Lenardon R. J., *Classical Mythology*, 7 th ed., New York: Oxford University Press 2003.

Поповиќ Б., Кузмановиќ - Поповиќ И., *Античка глиптика у прстењу из колекције накита Музеја примењене уметности*, Зборник Музеј примењене уметности, Београд 02-2006.

Поповић И., *Ремек-дела римских златара-Збирка Народног музеја у Београду*, Београд 1997.

Поповић И., *Римске камеје у Народном музеју у Београду*, Београд 1989.

Поповић И., *Римски накит у Народном музеју у Београду, I. Прстење*, Београд 1992.

Поповић Љ., Београд 1994.

Радојковић Б., *Накит код Срба од XII до XVIII века*, Београд 1969.

Richter G.M.A., *The Sculpture and Sculptors of the Greeks*, New Heaven 1950.

*Серебродольский И. Б.*, *Научно-технический прогресс и минералы*, Киев: Наукова думка 1990.

Соколовска В., Санев В., Ивановски М., Винчиќ Ж., Шурбановска М. и Ѓуровски М., Municipium Stobenisum, Музеј на Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата, Народен музеј Титов Велес *(археолошки каталог)*, Западна некропола, Стоби 1992, Скопје 1994.

Sokolovska - Ruseva Lj., Skopje 1991.

Срејовиќ Д., *Археолошки лексикон (преисторије Европе, Африке и Блиског истока, грчка, етрурска и римска цивилизација)*, Београд 1997.

Срејовић Д., Кузмановић - Цермановић А., *Речник грчке и римске митологије*, Београд 1979.

Schuman W., *Rocks, minerals & gemstones*, Collins, England 1992.

Урошевић С., *Племенити минерали и драго камење*, Српска књижевна задруга, Београд 1925.

Цвјетићанин Т., Београд 1994.

Wiseman R., Zissi Manno G., *AGA* 1971.

Zazoff P., *Antike Gemmen* (Kataloge der Staatlichen Kunstsammlungen Kassel Nr. 2), Kassel 1969.